АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 01-09.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3870 | 1 | |

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

## ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ
## ЗА ПЕРИОДОТ ОД 17 ДО 26 АВГУСТ 2017

## ***КЛУЧНИ НАОДИ***

Во десетдневниот период од 17 до 26 август 2017 година, анализата во чиј фокус се актуелно-информативните програмски целини, покажува општа медиумска тенденција - уредувачките политики да се држат отворени за плуралитетот – на официјалните, на опозициските и на алтернативните, главно – по граѓанска мотивација организирани, политички ставови за тековните општествено-политички настани, состојби и теми. Токму од тематски аспект, средишно информативно место во анализираниот десетдневен период доби она што пошироката јавност го нарече - *„дипломатско-разузнавачки игри"* помеѓу Република Србија и Република Македонија. На внатрешнополитички план, пак, откако и формално се заокружи повеќемесечната дебата за смената на Марко Зврлевски од позицијата Јавен обвинител на Република Македонија, информативните редакции најчесто преку коментаторски извештаи и преку консеквентни редакциски осврти, поткрепени со изјави и со интервјуа што овозможија стручен правно-политиколошки увид во темата, го исцртаа посакуваниот професионален и етички профил на новиот кандидат за носител на оваа функција во судскиот систем. Во однос на темата - „локални избори", новинарските прилози главно се однесуваа на организациските работи во надлежност на Државната изборна комисија, која во овој период го стави на увид Избирачкиот список, но и отвори внатрешна дебата за предлозите на државните административци што би можеле да ги екипираат избирачките одбори. Реалните случувања во локалните самоуправни единици од државава, медиумите редовно ги следеа со новинарски извештаи и со репортажи најчесто поврзани со последици од супстандардната локална инфраструктура или од човечка небрежност и негрижа.

Сепак, погледнато од аспект на основната уредувачка класификација на прилозите – било според заедничката тема (т.е. - по рубрики), било според актуелноста или според магнитудата на општествено-политичката важност на одреден настан, во централните дневно-информативни емисии за време на десетдневниот анализиран период, во повеќе наврати, а некаде и секојдневно, беа емитувани и прилози што можат да се анализираат и преку механизмот – *„псевдонастани / псевдовести"*:

Најчесто поради инертност на кусорочно партиско / политичко делување, а со агитациска потреба од континуирано јавно присуство, политичките партии креираат – псевдонастани, што ним им служат единствено за самопромоциска цел, реализирана било како критика/критизирање на политичкиот опонент, било како политички ветувања што, и економски и правно земено, неретко не се ни во – ингеренциите, односно во - практичниот делокруг на обврските и на одговорноста на одреден политички колектив или, пак, во делокругот на некоја помалку-повеќе авторитетна (партиска) индивидуа. Од стојалиштето на медиумската јавност, опишаните псевдонастани немаат речиси никаква посебна – информативна вредност. Во таквите случаи, фокусирани на професионалната обврска за „објективно" прикажување политички плуралитет, односно – за „рамномерен" медиумски пристап кон различните политички гласови, медиумите го трошат дневното информативно време правејќи низа прилози што не создаваат логичка (тематски / мотивски поврзана) секвенца со актуелно, пошироко општествено-политичко значење, туку просто само врамуваат механичка целина, квантитативно повеќе-помалку рамномерно поделена меѓу партиски соопштенија и изјави на партиски челници, целина неретко извитоперена во - билтен за евиденција партиски работи. Притоа, поради политиколошка конфузија околу границите на оперативната политичка моќ - на Владата и на владејачката партија –, најнапред опозицијата, а последователно и новинарите, мошне често ги мешаат адресите за критиките / критизирањето, меѓу - Владата / органите на државната управа, од една страна, и - директниот политички опонент, од друга страна.

Излезот од овој јалов - затворен круг – меѓупартиски (а всушност - самопромоциски) реплицирања, лежи колку во уредувачка одлука за рационализација на дневно-информативното време, толку и во акцентот токму врз – одлучноста: како, најекономично и со прецизна номенклатура да им се пристапува на ваквите – псевдонастани, оти акумулуирани низ повеќедневен континуитет, тие се покажуваат како тенденција – кон агитација, односно – кон кампања, што, пак, злоупотребувајќи го медиумското информативно време, создава привид на некаква реална политичка активност.

Просто, појдовното прашање, при анализа на медиумските прилози направени од псевдонастани, е: За што, всушност, известуваат таквите прилози? Што е во нив – вест? Најчесто одговорот е – од псевдонастани произлегуваат само – псевдовести.

Имајќи го сето ова предвид, при подетална комуникациска анализа на различни медиумски прилози продукциски спакувани во самопромоцискиот партиски образец на псевдонастаните, на површина излегува начинот по кој нивната содржинска, во случајов – информативна - празнина, ја злоупотребува

формата на стандардните новинарски информативни жанрови – вест и извештај. На пример: Општо земено, медиумскиот прилог е - изјава на партиски лидер, содржински сведена на критика/критизирање за постапките на политичкиот опонент, но изјавата е целосно вон контекст на каков било информативен жанр (вест/извештај); односно – најнапред, гледачот/широката јавност не се ниту известени дека нешто реално се случило таму каде што е дадена изјавата, па затоа останува непознаница и новинарскиот мотив, поводот за поставеното прашање (отсуство на причинско-последична врска); потоа, од содржината на изјавата не може да се сфати - зошто, со која практична цел (освен – политичката самопромоција) е дадена и медиумски издвоена токму таа изјава, а од друга страна, пак, ниту новинарот ниту редакцијата не предочуваат (на пример, барем преку - „коментаторски извештај", ако веќе не преку капацитетот на т.н. „аналитички жанрови"), дали за евентуална реализација на кажаното (ветеното) во презентираната (партиска) изјава, воопшто има некаква економска или правна основа?

Дел од радиодифузерите држат дистанца од механизмот „псевдонастани/псевдовести", дел вложуваат напори да обезбедат врамнотеженост на различните ставови, додека обемот вакви прилози за една политичка опција кај ТВ Алфа и ТВ Нова укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта во дневно-информативните емисии.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

### Телевизиски сервиси

## ПРВ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ1

### *Дневно-информативни емисии*

Во вториот десетдневен извештај, кој го опфаќа периодот од 17 до 26 август 2017 година, на програмата на Првиот телевизиски програмски сервис на Македонската Радиотелевизија – МРТ1, анализирани се десет дневно-информативни изданија на Дневникот 2. Девет од нив емитувани се во редовниот термин во 19 часот и 30 минути, а едно - на 18 август, беше поместено за половина час подоцна поради емитување на директниот пренос од централната свеченост по повод одбележувањето 25 години од формирањето на АРМ.

Анализирани се прилози со вкупно траење од 3 часа 33 минути и 57 секунди, новинарски главно реализирани во форма на извештаи, во кои редовно се презентираа две или повеќе различни гледишта од релевантни извори за актуелните прашања, а потоа во зависност од дневно-актуелните настани, следуваат вести и соопштенија, и има две интервјуа со директорот на Струшките вечери на поезијата Мите Стефоски (во живо) и со Злате Димовски, професор од Факултетот за безбедност за превенцијата од тероризам.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (Беса) | 00:00:48 | 0,37 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:48 | 0,37 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:06 | 0,98 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:32 | 1,18 | % |
| Судство | 00:01:12 | 0,56 | % |
| Влада на РМ | 01:01:35 | 28,79 | % |
| Други субјекти | 00:19:13 | 8,98 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:58 | 10,74 | % |
| Без субјекти | 00:06:40 | 3,11 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:08 | 1,93 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:37 | 2,63 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:08 | 2,86 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:25 | 2,06 | % |
| СДСМ | 00:07:14 | 3,38 | % |
| Граѓански сектор | 00:15:59 | 7,47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:43 | 10,62 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:53 | 0,88 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:29 | 4,90 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:51 | 0,40 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:32 | 0,72 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:29 | 6,77 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:39 | 0,31 | % |
| | **Вкупно: 03:33:57** | **100** | **%** |

Најмногу време при известувањето (1 час 1 минута и 12 секунди) беше издвоено за Владата на Република Македонија и тоа за нејзините редовни активности на домашен и на меѓународен план. Од домашните

настани беше информирано за откупот на грозјето, за проектот со ФАО за агроеколошко зонирање на земјиштето во Македонија, за продолжување на рокот за јавна расправа на законите, работа на градинките во две смени, појаснувања во врска со пензиите, сините картони, црна хроника, неискористеноста на средствата од ИПА фондовите, мерки за лицата со попреченост, изградба на патишта, изработка на стратегија за соработка со дијаспората, воведување евтина тарифа за струја, анализа на Министерството за финансии за доходовна нееднаквост во земјата итн.

На полето на надворешната политика, во низа се следеше текот на настаните поврзани со кризата во дипломатските односи помеѓу Македонија и Србија, како настан кој го обележа овој втор мониторинг-период. Притоа, јавниот сервис го проследи настанот во континуитет, онака како што се одвиваше. Го пренесе првичниот став на официјален Белград за повлекувањето на персоналот од својата Амбасада во Скопје - преку изјавите на Александар Вучиќ, претседателот на Република Србија и министерот за надворешни работи Ивица Дачиќ и ставот на македонската Влада преку соопштение и изјави на македонскиот министер за надворешни работи Никола Димитров. МРТ1 му даде критички тон на известувањето преку критиката од поранешниот српски министер за надворешни работи Вук Јеремиќ разговорот со Оливер Бранковиќ дописник од Белград, кој (во контекст на употребената реторика) говореше за тоа дека станува збор за медиумски притисок кој има своја хронологија. Понатаму беше известено за разрешувањето на дипломатската криза од телефонските разговори Заев-Вучиќ и Димитров – Дачиќ и за содржината на договореното соопштение на двете земји, средбата на македонската амбасадорка Вера Јовановска-Типко со претседателот на Србија, Александар Вучиќ и враќање на персоналот на српската амбасада во Скопје, ставот на опозициската ВМРО ДПМНЕ, па сè до репортерските извештаи од средбата Димитров-Дачиќ во Ниш и од неформалниот состанок на премиерите на земјите од регионот на Западен Балкан во Драч. Целовитоста на известувањето ги опфати и сите релевантни информации за прашањето дали српскиот разузнавач Горан Живаљевиќ бил во македонското Собранието на 27 април со знаење на советникот за национална безбедност на претседателот на РМ Синиша Алексоски (изјавата на Живаљевиќ, демантот од интервју на Алексоски, ставовите од Кабинетот на претседателот на државата, од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ).

Речиси изедначени по застапеноста се ВМРО ДПМНЕ (22 минути и 58 секунди) и информациите кои произлегуваат од работата на субјектите методолошки категоризирани како *„органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи“* (22 минути и 43 секунди).

Како што е пошироко појаснето во Клучните наоди од воведот во овој втор збирен извештај, комуникацијата меѓу опозициската ВМРО ДПМНЕ и владејачката СДСМ, а за некои од темите и Владата, се одвива по принципот изјава/соопштение-реакција-контрареакција, односно субјектите во повеќе наврати креираат *псевдонастани* од кои произлегуваат *псевдовести*. Во настојувањето да ги следи своите Правила за медиумско покривање на Локалните избори 2017, согласно кои во вестите од распишување на изборите до започнување на изборната кампања МРТ1 „ќе обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на политичките партии од власта и од опозицијата што се претставени во Собранието на Република Македонија“, сервисот известува за – псевдонастани, за што типични се следниве примери:

- *„Телоска: Укинато е покачувањето на пензиите“*,
- *„Богоев: Помош за младите земјоделци“*,
- *„Реакција: Се копираат проекти на ВМРО ДПМНЕ“*,
- *„СДСМ: Наскоро минимална плата од 12000 денари“*,
- *„Груевски: СДС едно ветува, а друго прави“*,
- *„Груевски: Замре процесот на странски инвестиции“*,
- *„ВМРО ДПМНЕ: Економијата е пред колапс“*,
- *„СДСМ: Лага е дека се намалуваат платите“*,
- *„Перински: Погрешни политики во економијата“*,
- *„СДСМ: Граѓаните ќе заштедат со евтина тарифа“*,
- *„ВМРО ДПМНЕ: Ќе се зголеми цената на струјата“*,
- *„Ѓорѓиевски: СЈО е политичка алатка“*,
- *„Бочварски: парите ги враќаме кај граѓаните“*.

Ваквата комуникација и размена на ставови и контраставови резултираше со континуирано отворање на прашањето дали пензиите ќе бидат покачени или не и тоа преку ставови на Министерството за труд и социјална политика, изјава на министерката Мила Царовска, соопштенија, критики во изјавите од

претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски и други претставници на оваа партија, на СДСМ, како и контра-ставот на Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија.

Во низа беше следен случајот за причините за смртта на трите новороденчиња на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје при што беа спротивставени ставовите на директорката на Клиниката и обвинувањата од ВМРО ДПМНЕ, а ваков пристап имаше и по прашањето за цената на струјата кога беа сопоставени ставовите на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, Владата, ЕВН.

Во контекст на информирањето за активностите на партиите, освен досега спомenатите три партии беше известено и за Либерално-демократска партија, за Беса, а имаше и изјава на независна пратеничка.

Времето за различните субјекти кодирани како органи на државната управа и јавни претпријатија/установи главно произлегоа од извештаи и вести поврзани со причините за смртта на трите новороденчиња на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје, труењето со храна од сендвичарница во Скопје, сообраќајната несреќа кај Велес, откриената злоупотреба во Управата за јавни приходи, проблемот со депонијата во Тетово.

На последнава тема, посветени и се повеќе прилози со ставовите на сите релевантни субјекти – тетовската противпожарна единица, Тетовци, граѓанската организација Еко герила, градоначалничката на Тетово, Теута Арифи, Самка Ибраимовски, министер без ресор во Владата, информациите за расчистувањето и транспортот на сметот во регионалната депонија кај гостиварско Русиново и во скопска Дрисла.

Во вториот десетдневен предизборен период, во дневно-информативните емисии на МРТ1, Локалните избори, како актуелен политички процес, беа застапени главно преку извештаи од седниците на ДИК за утврдување на списокот вработени во јавната администрација и формирање на избирачки одбори, а во времето за категоријата *„ДИК и другите изборни органи"*, влегуваат и извештаите од референдумот во Валандово.

Една од темите која го одбележа ова десетдневие е разрешувањето на Марко Зврлевски од позицијата државен јавен обвинител. Нејзиното одвивање беше следено во низа – од финалето на собраниската расправа по оваа точка и ставот на Антикорупциска комисија дека разрешувањето е незаконско, преку активностите на Советот на јавни обвинители за назначувањето в.д. државен јавен обвинител, до текот на процедурата за распишување оглас за нов јавен обвинител (преку постапките на Владата и Собранието).

МРТ1 има поширок ракурс при информирањето на граѓаните, односно, освен за дневно-политичките теми, публиката ја информира и за настани од културата (на пример, за назначувањето нова претседателка и членови на Управниот одбор на Струшките вечери на поезијата, одвивањето на оваа манифестација, информација дека добитник на наградата за животно дел „Златна камера 300" на овогодинешното издание на „Браќа Манаки" е Пјер Лом, за Џез викендот во Прилеп итн.), потоа за активности на граѓанскиот сектор (здружението Љубезност, Ретвитни оброк, Македонска банка за храна, Полицискиот синдикат, ССМ, СОНК, барањето поголеми права за лицата со посебни потреби преку нивната иницијатива Пет до 12, за граѓанската иницијатива Будење во Битола) и за други теми од поширок јавен интерес.

Локална самоуправа, освен во информациите за пожарот во Тетово, присутна е и во известувањето од референдумот во Валандово, Охридскиот маратон, новиот рекорд во нуркање во Врело кај Матка и сл.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание (Беса) | 00:00:07 | 0,13 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:39 | 0,73 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:00 | 1,13 % |
| Собрание на РМ | 00:00:28 | 0,53 % |
| Влада на РМ | 00:20:25 | 23,03 % |
| Други субјекти | 00:06:44 | 7,60 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:09 | 15,96 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:07 | 2,39 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:01:52 | 2,11 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:50 | 5,45 | % |
| СДСМ | 00:03:05 | 3,48 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:44 | 12,11 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:06 | 11,39 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:40 | 4,14 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:33 | 0,62 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:35 | 0,66 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:58 | 1,09 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:35 | 6,30 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:36 | 0,68 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:26 | 0,49 | % |
| | **Вкупно: 01:28:39** | **100** | % |

Во втората табела, се забележува дека вкупното времетраење на директните обраќања по субјекти изнесуваше 1 час 28 минути и 39 секунди. Временски најмногу директни обраќања биле резервирани за Владата, следува опозициската ВМРО ДПМНЕ која своите ставови претежно ги изнесуваше преку изјави, а потоа граѓанските здруженија и органите на државната управа. СДСМ, најчесто реагираше со партиски соопштенија, на што се должи помалото време за директни обраќања.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Актуелно-информативни емисии</u>*

Во вториот десетдневен период, репризно беше емитувано изданието на актуелно-информативната емисија *„Од наш агол"*, со г-ѓа Анета Стојановска Стефанова, членка на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ на теми поврзани со Предлог-законот за употреба на јазиците. Оваа емисија имаше премиера во првиот десетдневен период од мониторингот и во неа, според најавата на водителката, бил поканет претставник од СДСМ, меѓутоа партијата не одговорила позитивно на поканата.

***<u>Други програми</u>***

На 18 август имаше пренос од централната свеченост по повод одбележување 25 години од формирањето на АРМ, каде што обраќање имаа претседателот на РМ Ѓорге Иванов и министерката за одбрана Радмила Шеќеринска. Вториот пренос беше следниот ден, на 19 август, од 31-от Охридски маратон на кој беа присутни претседателот Иванов и охридскиот градоначалник Никола Бакрачевски.

Во редовниот неделен термин, на 20 август, беше емитувана емисијата наменета за земјоделците *„Аграр"* во која беа емитувани две обраќања на министерот за земјоделство Љупчо Николовски. Во нив тој говореше за исплатата на субвенциите на тутунопроизводителите, на земјоделците кои се занимаваат со сточарско и растително производство, потоа за исплатата на субвенциите преку програмата за рурален развој, за рибарство, како и за тоа дека грозјето годинава ќе биде целосно откупено, за што имал средба со претставниците на винарските визби. Во текот на десетдневниот период, оваа емисија беше репризирана неколку пати во раните утрински часови.

На 21 август, во агромагазинот *„Добра земја"*, во неколку наврати, градоначалникот на општина Чашка Горанчо Пановски одговараше на прашања поврзани со приносот на оризот и снабдувањето со вода на парцелите со ориз, како и за тоа на кои култури се става акцент во општина Чашка. Информираше и за изградбата на пат од 12 километри до манастирот Мокрени и за следните инвестиции до останатите манастири во општината, за развојот на сточарството во овој регион и сл. И оваа емисија имаше репризно издание.

Во периодот од 17 до 26 август, после полноќ, емитувани се две документарни емисии. Во едната од нив (од 18 август), која се однесува на градот Битола, градоначалникот Владимир Талески говореше за потенцијалните инвестиции околу областа Стрежево, каде според новиот Детален урбанистички план била предвидена изградба на поголем комплекс хотели и жичарница. Во втората емисија насловена *„Штип,*

*градот под Исарот"*, емитувана на 25 август, се говори за историскиот развој на Штип во периодот од 1945 до 2017 година. За инвестициите од страна на државата во последните 10 години, за економскиот развој и подобрување во сферата на инфраструктурата говореа Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ и Илчо Захариев, актуелен градоначалник на општина Штип.

## ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ 2 ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

### *Дневно-информативни емисии*

Мониторингот на известувањето на Вториот телевизиски програмски сервис – МРТ 2 Програма на албански јазик, во периодот од 17 до 26 август 2017 година, беше спроведен врз десет изданија на Дневникот 1 кој се емитува во 18 часот и 30 минути. Анализирани беа прилози со траење од вкупно 3 часа 41 минута и 11 секунди кои по жанр најчесто беа извештаи, потоа соопштенија, вести и анализа.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 – Програма на албански јазик | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:02 | 0,46 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:02 | 0,46 % |
| Јавно обвинителство | 00:09:15 | 4,18 % |
| Беса | 00:02:19 | 1,05 % |
| Судство | 00:03:01 | 1,36 % |
| Влада на РМ | 01:04:46 | 29,28 % |
| Без субјекти | 00:19:09 | 8,65 % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:56 | 6,75 % |
| Граѓански сектор | 00:11:05 | 5,01 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:44 | 0,78 % |
| СДСМ | 00:06:44 | 3,04 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:33 | 7,93 % |
| Други субјекти | 00:25:38 | 11,59 % |
| Собрание на РМ | 00:03:56 | 1,78 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:13:37 | 6,16 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:55 | 1,32 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:04 | 3,19 % |
| ДИК и други органи | 00:10:28 | 4,73 % |
| Претседател на РМ | 00:01:37 | 0,73 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:33 | 0,70 % |
| ДПА-ДР | 00:00:36 | 0,27 % |
| Унитети | 00:00:36 | 0,27 % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:36 | 0,27 % |
| | **Вкупно: 03:41:11** | **100 %** |

Најголема временска застапеност има Владата - 1 час 4 минути и 46 секунди, што се резултат на известувањето за редовните активности и најавата на мерки (воведувањето двосменско работење во детските градинки, прославата на 25-годишнинината на АРМ, (не)употребата на сините картони за здравствено осигурување, извадок од интервјуто на министерката за труд и социјална политика Мила Царовска за Радио Слободна Европа во врска со Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, информациите од МВР за црната хроника, искористувањето на средствата од ИПА фондовите, изготвувањето стратегија за соработка со дијаспората, мерките што се предвидуваат за лицата со посебни потреби, информациите од Министерството за здравство во врска со смртта на три новороденчиња на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје), како и на следењето на надворешната политика.

Настан од посебно значење во овој период е затегнувањето на дипломатските односи меѓу Србија и Македонија, за кој МРТ2 известуваше во континуитет. Од првичниот извештај со изјавите на српскиот врв (претседателот Александар Вучиќ, министерот за надворешни работи Ивица Дачиќ) и на македонската Влада, развојот на настаните беше следен преку извештаи со новите реакции од официјален Белград и Скопје (изјавата на вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи и на министерот Дачиќ), беше направен осврт на написите во српските весници, пренесен одгласот на грчкиот „Катимерини". За можните причини за потегот на српските власти, критичка позиција беше заземена со консултирањето експерти (аналитичарот Нано Ружин, професорот Селим Ибраими). Со смирувањето на атмосферата, публиката беше запознаена со соопштението со петте точки за соработка меѓу двете земји договорено при телефонскиот разговор Заев-Вучиќ, со реакциите на Европската комисија, враќањето на персоналот во амбасадата, средбата на македонската амбасадорка во Белград Вера Јовановска-Типко со српскиот претседател Александар Вучиќ, реакциите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, како и расправата на релација српски разузнавач Горан Живаљевиќ и Синиша Алексовски, советник за национална безбедност на македонскиот претседател, за тоа дали разузнавачот бил во македонското Собрание на 27 април со одобрение од претседателскиот Кабинет. Имаше извештај и од средбата Димитров-Дачиќ во Ниш, и за исходот од средбата на премиерите на Македонија и Србија – Зоран Заев и Ана Брнабиќ на маргините на неформалниот самит на лидерите од регионот на Западниот Балкан, кој се одржа во Драч.

На надворешно-политички план беше информирано и за македонско грчките односи и тоа преку најавите за посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас на Скопје, реакциите за активностите на македонскиот конзул во Канада Палашевски и обвинувањата од грчкиот претседател Прокупис Павлопулос дека во Македонија има иредентизам.

Во низа беше известувано за смената на државниот јавен обвинител, почнувајќи од седницата на која Собранието гласаше за разрешување на Марко Зврлевски, со информации за ставовите на партиите од опозицијата и од власта, преку аналитички осврт „*Разрешување на Зврлевски*" (3 минути и 39 секунди) со ставови од правните експерти Мерсим Максути (не само разрешување, туку обвинителот треба да понесе и кривична одговорност, а одговорност има и Советот на обвинители) и Башким Селмани (индивидуална одговорност и за судиите). Информирајќи за хронологијата на процедурите кои следеа, беше известено за активностите поврзани со распишувањето оглас за нов јавен обвинител на РМ (заклучок на Владата, закажување собраниската седница), за можните кандидати, за ставот на вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи дека идниот обвинител треба да биде неполитички експерт, кој може да биде и Албанец, за одложувањето на седницата на Советот на јавни обвинители за назначување вршител на должноста.

Сервисот консултира експертски ставови и по други прашања, како што е на пример случајот со фискална измама за која извести УЈП. Исто така, прашањето за јавниот долг во Република Македонија, освен преку прекажани ставови на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, беше третирано и преку експертски став.

МРТ2 честопати третираше теми кои го засегаат секојдневното живеење на граѓаните – од состојбата со струшката депонија, преку извештајот за протестите на жителите на Порој и Џепчиште кои го блокираат регионалниот пат Тетово-Јажинце, апелот за помош на трите деца од семејството Исмаили кои бараат работа за својот татко, недостигот од лекари во Студеничани (за што има и одговор од министерот Таравари), па до низата извештаи со кои се информира за пожарот во дивата депонија во Тетово и последователните активности и протести при што изворно можеа да се чујат ставовите на граѓаните и организацијата Еко Герила, на градоначалничката Теута Арифи, на Владата, на Јавното обвинителство, текот на пренесувањето на сметот и блокадите на патот кон гостиварската депонија Русиново. При обработката на овие прашања, неретко, на граѓаните, преку новинарски анкети, им се овозможуваше јавно да го соопштат својот став, оттаму и присутноста на методолошката категорија „*без субјекти*".

Распоредот на времето во Табела 1 покажува дека за политичките партии се информира (СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, Беса, ДПА-ДР, НДП, Унитети), но главниот фокус не е ставен врз нив.

Во контекст на информирањето за подготовките за Локалните избори, беа следени активностите на ДИК при изборот на членови на општинските изборни комисии, прочистувањето на Избирачкиот список и барањето на Беса, членот на ДИК од ДПА да се замени со претставник на Беса, а се говори и за подготовки на кандидатските листи од страна на партиите.

Редакцијата на албански јазик на МРТ 2 следи неколку теми кои се од интерес за публиката на која првенствено и се обраќа – Албанците во Република Македонија. Во овој контекст се прилозите поврзани со високото образование кои се однесуваат на големата заинтересираност за Студиите по албански јазик

и литература на УКИМ, објавувањето конкурс за идејно решение на универзитетскиот комплекс Мајка Тереза и грантови од 250 илјади евра за Државниот универзитет во Тетово. На одбележувањето на 107-годишнината од раѓањето на Мајка Тереза се посветени три прилози.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 2 – Програма на албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:18 | 0,59 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:14 | 0,46 % |
| Беса | 00:00:49 | 1,60 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:37 | 9,07 % |
| Влада на РМ | 00:16:00 | 31,44 % |
| Други субјекти | 00:08:43 | 17,13 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:18 | 6,49 % |
| Граѓански сектор | 00:02:54 | 5,70 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:43 | 3,37 % |
| СДСМ | 00:01:27 | 2,85 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:01 | 2,00 % |
| ДИК и други органи | 00:03:53 | 7,63 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:04 | 7,99 % |
| Претседател на РМ | 00:00:32 | 1,05 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:34 | 1,11 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:46 | 1,51 % |
| | **Вкупно: 00:50:53** | **100 %** |

Одржувањето на Струшките вечери на поезијата беше третирано во два прилога, во кои се говореше за тоа дека Општината ја бојкотира манифестацијата поради тоа што се запоставува албанскиот јазик, за што прашања беа поставени на добитникот на наградата „Златен венец" Чарлс Симиќ, директорот на манифестацијата Мите Стефовски и Петрит Сарачини, советник во Министерството за култура, според кого се очекуваат промени во управата на Фестивалот.

Во структурата на директните обраќања во вестите се забележува дека медиумот најмногу време одвоил за Владата. На второ место е категоријата „други субјекти", во која се опфатени обраќањата на челници на универзитети/факултети, по повод уписите, прилози со верска тематика (МПЦ и ИВЗ) и др.

***Други програми***

Во овој извештаен период, беше емитувана документарна емисија за Бранко Синадиновски со наслов *„Борбата за рамноправност"*, во која се зборуваше генерално за неговиот живот, дело итн.

## Радио сервиси

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС

### *Дневно-информативни емисии*

Со мониторингот на вториот период од 10 дена (17-26 август) на Првиот програмски сервис на Македонското радио се опфатени исто толку изданија од централните дневно информативни емисии и тоа: девет изданија на дневно-информативната емисија *Пладневен радиовесник* (емитувани секој работен ден и сабота, во 15:30 часот) и едно издание на *Дневни новости* (емитувано во недела во 14 часот). Вкупното времетраење на новинарските прилози, кои се предмет на анализа, а се однесуваат на внатрешно-политички и општествени теми, претставени преку вести, вести во низа, изјави, соопштенија и извештаи, е 3 часа 32 минути и 27 секунди.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| Субјекти | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:04:10 | 1,96 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:28 | 1,16 | % |
| Беса | 00:02:02 | 0,96 | % |
| Судство | 00:02:04 | 0,98 | % |
| Влада на РМ | 01:11:58 | 33,87 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:18 | 10,02 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:15:52 | 7,47 | % |
| АРМ | 00:02:20 | 1,09 | % |
| Други субјекти | 00:26:47 | 12,61 | % |
| Без субјекти | 00:06:16 | 2,95 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:38 | 5,48 | % |
| СДСМ | 00:07:50 | 3,69 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:37 | 0,76 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:49 | 2,26 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:53 | 6,54 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:28 | 0,22 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:09 | 6,19 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:47 | 0,37 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:30 | 0,24 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:02:30 | 1,18 | % |
| | **Вкупно: 03:32:27** | 100 | % |

И во вториот извештаен период најмногу време во вестите е одвоено за информациите поврзани со Владата на РМ (1 час 11 минути и 58 секунди), што е една третина од вкупниот обем информации опфатени со анализата на Првиот програмски сервис на Македонското радио. Застапеноста на Владата како субјект ја чинат информациите поврзани со активностите на министерствата и нејзините претставници. Тематски гледано медиумот во континуитет информираше за дипломатските односи на релација Скопје – Белград, по повлекувањето на амбасадорката и персоналот од српската амбасада во Скоопје, информирајќи за средбите на претставници од двете земји на различни нивоа, потоа за зголемениот ангажман на Владата во искористувањето на парите од ИПА фондовите, средбата на премиерите на земјите од Западен Балкан во Драч со посредство на ЕУ, постапката за именување на нов Јавен обвинител, исплатата на субвенциите и средбите со лозарите на министерот за земјоделие. Десетдневниот период го

одбележаа и неколку настани со смртни последици (сообраќајката на автобус со туристи во близина на Велес, починати бебиња на Клиниката за гинекологија и акушерство), како и труења со храна, при што медиумот редовно информираше за настаните, пренесувајќи ги изјавите на претставниците на ресорните министерства (Министерство за здравство, МВР) или пренесувајќи ги нивните соопштенија за текот на настаните. Медиумот ги пренесуваше соопштенијата на ресорните министерства поврзани и со: одложувањето на почетокот на учебната година, закуп на државно земјоделско земјиште, усогласување на пензиите, работата на економско социјалниот совет, воведување посебен сообраќаен режим, воведувањето трета смена во детската болница „Козле" итн. Радиото информираше и за неколкуте билатерални средби на владини претставници со странски политичари или учества на конференции (посетата на вицепремиерот за европски прашања, Бујар Османи на Германија, посетата на министерот за надворешни работи, Никола Димитров на Шведска, средбата на министерот Зоран Шапуриќ со холандскиот европратеник Ван Хален, учеството на министерот за внатрешни работи на конференција во Будимпешта) и др.

Поради дел од веќе споменатите теми за коишто медиумот интензивно известуваше во извештајниот период (односите на релација Скопје – Белград по повлекувањето на амбасадорката и персоналот од српската амбасада во Скопје, средбата на премиерите на земјите од Западен Балкан во Драч со посредство на ЕУ, средбите на владини претставници со странски политичари), но и информациите поврзани со претстојната посета на грчкиот министер за надворешни работи, Никос Коѕијас на нашата земја, придонесуваат субјектите методолошки кодирани како „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари" да бидат временски третозастапени во вестите на Првиот сервис на Македонското радио.

Второзастапени, според остапеното време (26 минути и 47 секунди) се субјектите кодирани како „други субјекти", во коишто влегуваат: претставници на универзитети, претставници на винарски визби, претставници на „ТАВ Македонија", медиуми, Регулаторна комисија за енергетика, Стопанска комора на РМ, Народна банка на РМ и др.

Радиото информираше и за активностите на четири политички субјекти: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДОМ и ПОПГМ – Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:00:12 | 0,45 | % |
| Влада на РМ | 00:21:04 | 47,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:45 | 6,20 | % |
| Други субјекти | 00:04:55 | 11,09 | % |
| СДСМ | 00:01:29 | 3,35 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:39 | 12,74 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:44 | 8,42 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:28 | 1,05 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:44 | 1,65 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:24 | 3,16 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:27 | 3,27 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:29 | 1,09 | % |
| | **Вкупно: 00:44:20** | 100 | % |

Кај директните обраќања, отстапениот простор, во однос на првозастапениот субјект, ја следи логиката во однос на застапеноста на субјектите од првата табела, па најмногу простор (21 минута и 4 секунди), што е речиси една половина од вкупното време за директни обраќања (44 минути и 20 секунди), е посветено за непосредните обраќања на претставниците на Владата. Според одвоеното време потоа следуваат: ВМРО ДПМНЕ, други субјекти, претставниците на граѓанскиот сектор итн.

### ***Посебни информативни емисии***

*Друга информативна програма*

Двочасовниот информативен појас насловен „Актуелно", што се емитува секој работен ден на програмата на Првиот програмски сервис на Македонското радио, покрај освртите на настаните коишто го одбележале денот, пренесени во рубриката „Тема на денот", и кадешто најчесто вниманието е на главните два-три настана пренесени и во изданието на Пладневниот радиовесник, содржи и програмски блок во којшто се емитуваат разговори или тонски парчиња со соговорници на актуелни теми од општествено-политичкиот живот. Така, во анализираниот втор извештаен период се емитувани извадоци од говорот на претседателката на партијата Демократска обнова на Македонија, Лилјана Поповска во врска со загадувањето на животната околина што ќе го предизвикаат, доколку проработат, рудниците од југоисточниот дел на Македонија. Во едно од изданијата на „Актуелно" е емитуван разговор со Љубимир Ракиџиев, претседател на Собранието на конзорциумот „Иноватор", за можностите на АПИ фармацијата како нова агроиндустриска гранка. Во истото издание на „Актуелно" е одвоен простор за активностите на ресорното министерство во насока на исплата на субвенциите и отпочнувањето на нов проект за реонизација на земјоделското производство. Едно од изданијата на информативниот двочасовен појас е посветено на македонскиот авиосообраќај, при што е емитуван разговор со првиот човек на „ТАВ Македонија", Алпер Ерсој.

Една емисија од „Ноќната програма" на Првиот програмски сервис на Македонското радио беше посветена на проблемите со загадениот воздух во повеќе македонски општини, при што во емисијата гостуваше директорот на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, Анте Поповски.

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

### ***Дневно-информативни емисии***

Анализата се однесува на вестите што медиумот ги емитува во 16 часот. Во анализираниот десетдневен период од 17 до 26 август, се опфатени исто толку изданија на централната дневно-информативна емисија. Вкупното времетраење на прилозите што се предмет на анализа е 2 часа 5 минути и 35 секунди. Застапени се претежно информативните новинарски жанрови: вест, вест во низа, извештај.

Слично како и кај поголемиот дел од медиумите, и во анализираните прилози од Програмата на албански јазик при Македонското радио, во распределбата на времето на субјектите, доминира Владата. Во овој случај застапеноста изнесува една третина (безмалку 42 минути) од вкупното време на прилозите. Застапеноста на Владата како субјект ја чинат информациите поврзани со активностите на министерствата и нејзините претставници. Тематски гледано медиумот во континуитет информираше за дипломатските односи на релација Скопје – Белград, по повлекувањето на амбасадорката и персоналот од српската амбасада во Скоопје, за зголемениот ангажман на Владата во искористувањето на парите од ИПА фондовите, средбата на премиерите на земјите од Западен Балкан во Драч со посредство на ЕУ, постапката за именување на нов Јавен обвинител, исплатата на субвенциите. Медиумот информираше и за: активностите на Министерството за труд и социјална политика во насока на унапредување на правата на лицата со посебни потреби, воведувањето ефтина тарифа на струјата, работата на економско-социјалниот совет, измените со наплатата на услуги во Агенцијата за катастар. Програмата на албански јазик при Македонското радио извести и за неколкуте билатерални средби на владини претставници со странски политичари (посетата на вицепремиерот за европски прашања, Бујар Османи на Германија, средбата на министерот Зоран Шапуриќ со холандскиот европратеник Ван Хален,средбата на министерот Роберт Попоски со британскиот амбасадор во Македонија) и др.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | |
|---|---|---|
| Субјекти | Траење | Процент |
| Собрание на РМ | 00:04:33 | 3,62 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:02 | 0,82 % |
| Судство | 00:00:44 | 0,58 % |
| Беса | 00:01:15 | 1,00 % |
| Влада на РМ | 00:41:59 | 33,43 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:50 | 11,81 % |
| АРМ | 00:01:44 | 1,39 % |
| Без субјекти | 00:03:24 | 2,71 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:56 | 3,13 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:16 | 8,18 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:00 | 0,80 % |
| Други субјекти | 00:08:36 | 6,84 % |
| Граѓански сектор | 00:07:54 | 6,30 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:05:56 | 4,72 % |
| СДСМ | 00:06:25 | 5,11 % |
| ДПА-ДР | 00:00:54 | 0,72 % |
| ДИК и други органи | 00:04:37 | 3,68 % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:50 | 0,66 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:38 | 0,50 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:39 | 2,11 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:22 | 1,88 % |
| | **Вкупно: 02:05:35** | 100 % |

Веќе спомenатите теми за коишто медиумот известуваше во извештајниот период (односите на релација Скопје – Белград по повлекувањето на амбасадорката и персоналот од српската амбасада во Скопје, средбата на премиерите на земјите од Западен Балкан во Драч со посредство на ЕУ, средбите на владини претставници со странски политичари), придонесуваат субјектите методолошки кодирани како „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари" да бидат временски второзастапени во вестите.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | |
|---|---|---|
| Субјекти | Траење | Процент |
| Собрание на РМ | 00:00:28 | 2,59 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:18 | 1,67 % |
| Беса | 00:00:44 | 4,07 % |
| Влада на РМ | 00:07:08 | 39,59 % |
| Граѓански сектор | 00:02:14 | 12,40 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:02 | 16,84 % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:52 | 4,81 % |
| Други субјекти | 00:02:13 | 12,30 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:20 | 1,85 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:27 | 2,50 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:15 | 1,39 % |
| | **Вкупно: 00:18:01** | 100 % |

Емитувани се релативно мал обем директни обраќања на субјектите, вкупно 18 минути и 1 секунда. Со седум минути и 8 секунди отстапен простор, првозастапена и тука како субјект, е Владата.

## ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

### Терестријални телевизии

### ТВ АЛСАТ-М

*Дневно-информативни емисии*

Од 17 до 26 август, десетте анализирани изданија на ТВ Дневникот од 19 часот резултираа со вкупно информативно време од 3 часа и 45 минути. Тема во фокусот за овој период беше дипломатскиот спор помеѓу Република Србија и Република Македонија, за кој Телевизијата, освен вести во низа и континуирани коментаторски извештаи чие информативно јадро го сочинуваа официјалните ставови на двете влади, понуди и експертски дипломатско-политиколошки гледишта, како и медиумски одгласи од балканскиот регион, но и од Европа. Друга политичка тема што го привлече информативното внимание беше последната фаза од разрешувањето на Зврлевски од позицијата Јавен обвинител, при што беа посочени и експертски правно-политички ставови околу процедурата за избор на нов претставник на оваа функција, како и потребниот професионален и етички профил на кандидатите за таа позиција.

Важно место во ТВ Дневникот од 19 часот заземаа и настаните поврзани со прославата за 25-те години од постоењето на Армијата на Република Македонија, која освен официјалните говори и согледби на државниот врв (министерката Шеќеринска и претседателот Иванов), предвид ги зеде и ставовите на воени лица и на воени експерти, искажани за условите за работа и за мултиетничноста на постојниот армиски состав.

Освен домените на т.н. „висока политика", ТВ Алсат-М ја продолжи практиката секојдневно да известува за непосредните, акутни граѓански проблеми било во Скопје било во други делови од локалната самоуправа. На ова информативно поле најчести беа извештаите во врска со состојбите околу запалените градски депонии во Тетово и во Струга, со изразен став на формално организираните граѓански иницијативи но и со потреба јавно да се чујат гласовите на жителите од овие региони.

Екипирањето на локалните избирачки одбори и отворениот увид во Избирачкиот список, како непосредни надлежности на Државната изборна комисија, но и партиските шпекулации за можните градоначалнички кандидати – тоа беа двете теми стриктно поврзани со политичкиот процес за распишаните локални избори.

На релација – органи на државната управа / граѓански иницијативи, проследена беше конфузијата околу (не)повлекувањето на електронските здравствени картички и (не)враќањето на т.н. „сини здравствени картони", а преку вести во низа ТВ Алсат-М извести за успешно спроведените повеќенеделни преговори помеѓу здруженијата на лицата со посебни потреби и Министерството за труд и социјална политика. Дваесетте минути за статистичката ставка - „други субјекти", се однесува на личности опфатени со судски процеси, на независни регулаторни тела, претставници на услужните дејности, добитници на државни признанија, како и на организатори на фестивали и на други културно-уметнички манифестации.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание на РМ | 00:03:03 | 1,36 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:50 | 0,37 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:50 | 0,37 % |
| Јавно обвинителство | 00:05:10 | 2,29 % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:22 | 9,05 % |
| Беса | 00:02:38 | 1,17 % |
| Судство | 00:03:07 | 1,38 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:19:37 | 8,71 | % |
| Влада на РМ | 01:02:10 | 27,62 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:49 | 5,69 | % |
| Други субјекти | 00:20:07 | 8,94 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:57 | 0,42 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:57 | 0,42 | % |
| Без субјекти | 00:14:26 | 6,42 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:11 | 1,86 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:34 | 3,36 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:30 | 0,67 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:06:55 | 3,07 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:02 | 1,34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:01 | 0,45 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:04 | 7,14 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:16 | 2,79 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:26 | 1,08 | % |
| СДСМ | 00:01:59 | 0,88 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:34 | 0,69 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:06 | 0,93 | % |
| Локална самоуправа (ДПА-ДР) | 00:00:34 | 0,25 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:35 | 0,26 | % |
| Унитети | 00:01:07 | 0,49 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:01:07 | 0,49 | % |
| | **Вкупно: 03:45:03** | **100** | **%** |

Третина од опишаното дневно-информативно време, уредувачки обликувано во дневникот од 19 часот, ТВ Алсат-М го поткрепи со аудиовизуелни цитати – изјави и интервјуа, најмногу со претставници на македонската Влада (околу 13 муинути), што во анализираниот период зборуваа или за тековните зафати на меѓународен план (спорот – Србија/Македонија; ставови за идентитетските прашања на државата поврзани со нејзините евро-атлантски интеграции) или за одговори на надлежните министерства, како точни адреси за прашањата на граѓанскиот активизам и на граѓани непосредно засегнати од некоја тековна владина политика. Оттука и позабележителното време од близу 12 минути за размислувањата на експерти/аналитичари.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:18 | 0,47 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:28 | 0,73 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:19 | 0,50 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:36 | 18,15 | % |
| Беса | 00:01:11 | 1,85 | % |
| Влада на РМ | 00:13:18 | 20,81 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:48 | 10,64 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:49 | 7,54 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:16 | 0,42 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:21 | 0,55 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:10 | 1,83 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:30 | 3,91 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:12 | 3,44 | % |
| Други субјекти | 00:06:48 | 10,64 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:00:48 | 1,25 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:16 | 9,80 % |
| ДИК и други органи | 00:02:00 | 3,13 % |
| СДСМ | 00:00:19 | 0,50 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:49 | 1,28 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:25 | 0,65 % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:33 | 0,86 % |
| Унитети | 00:00:41 | 1,07 % |
| | **Вкупно: 01:03:55** | **100 %** |

## ТВ АЛФА

### *Дневно-информативни емисии*

Со вториот извештаен период, од 17 до 26 август, се опфатени исто толку изданија на централната дневно-информативна емисија на ТВ Алфа, од 17.30 часот. Вкупното времетраење на анализираните прилози во десетте изданија на вестите од посочениот период е 4 часа 6 минути и 9 секунди. Во овој информативен блок на ТВ Алфа, проследени се актуелните дневно-политички теми, како и актуелни теми од пошироко општествено-политичко значење. Главно се застапени основните жанровски форми – вест и извештај, но и вест во низа и извештај со елементи на коментар.

Од политичките теми што се застапени во Вестите на ТВ Алфа во овој период, временски повторно доминираат прилозите за реакциите на опозициската ВМРО ДПМНЕ најчесто поврзани со активностите и одлуките на Владата, како и за посетите на населени места во Македонија од страна на лидерот на партијата Никола Груевски, а следат прилозите за затегнатите дипломатски односи на релација Скопје – Белград, Нацрт стратегијата за интеграција на бегалци и на странци преку известувањето за активностите на граѓанското здружение „Будење“.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алфа<br>Политички субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:02:52 | 1,16 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:15 | 1,32 % |
| Други субјекти | 00:33:45 | 13,71 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:57:37 | 23,41 % |
| Влада на РМ | 00:39:36 | 16,08 % |
| Без субјекти | 00:24:55 | 10,12 % |
| Граѓански сектор | 00:23:07 | 9,39 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:13:45 | 5,59 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:33 | 1,04 % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:00 | 3,25 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:32 | 1,84 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:42 | 0,69 % |
| СДСМ | 00:06:46 | 2,75 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:21 | 7,05 % |
| Претседател на РМ | 00:02:34 | 1,04 % |
| ДИК и други органи | 00:02:42 | 1,10 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:05 | 0,44 % |
| | **Вкупно: 04:06:09** | 100 % |

Речиси една четвртина (57 минути и 37 секунди) од вкупното време на анализираните прилози во вестите (4 часа 6 минути и 9 секунди) е одвоено за информациите посветени на политичкиот субјект ВМРО ДПМНЕ, што ако се гледа во корелација со отстапеното време за други политички ставови и гледишта, укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта и мислења. Медиумот известува од посетите на лидерот на партијата на повеќе населени места во Македонија, при што главен фокус е ставен на промоција на проектите што локалната самоуправа ги реализирала во изминатиот период или се во завршна фаза, искажани во директна форма од страна на претседателот на ВМРО ДПМНЕ или прекажани од самиот медиум. Во најголем дел од прилозите евидентно е и присуството на градоначалниците во кадар, кои доаѓаат од редовите на истата партија, а во преден план се ставени активностите/исказите на претседателот на ВМРО ДПМНЕ. Со овој начин на известување се замаглува разликата меѓу партијата и локалната самоуправа, односно се создава слика дека проектите ги прави партијата, а не општината со јавни средства. Телевизија Алфа ги пренесува сите партиски прес-конференции, што на дневна основа ги продуцира опозициската партија за различни прашања, најчесто поврзани со активностите и одлуките на Владата. Се случува, во одредени денови од извештајниот период, во централното издание на вестите да бидат емитувани и по 7 поединечни прилози во коишто како извор на информации се појавува партијата ВМРО ДПМНЕ, дел од нив емитувани едно по друго. Во голема мера станува збор за псевдонастани за коишто информира медиумот, а на кои не е имун ниту политичкиот опонент (СДСМ), а дел од нив се:

- *„Груевски: МТСП манипулира со граѓаните за пензиите“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ повторно ги излажа пензионерите“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ ангажира криминалци и ги плаќа со народни пари“,*
- *„Ѓорѓиев: Неспособната влада на СДС тргна да ја уништува и спортската академија“,*
- *„Груевски: Движењето на странските инвестиции сериозно загрижува по доаѓањето на новата Влада“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: 300 илјади пензионери ќе го чувствуваат „животот“ на СДСМ“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Двосменското работење во градинките е чист популизам“,*
- *„СДСМ: Со враќање на дневната тарифа се исполнуваат барањата“,*
- *„Груевски: Тешко на граѓаните ако СДСМ ја преслика неработата од централно на локално ниво“,*
- *„СДСМ: Јакимовски е виновен за хаосот во Карпош“,*
- *„СДСМ: Поевтините услуги во Катастар значат помали трошоци за живот“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ прави хаос во Катастарот“,*

Статистички гледано, втор субјект по застапеност во вестите на ТВ Алфа е Владата (39 минути и 36 секунди). Присутноста се должи на известувањето за редовните активности на владините претставници, но значително влијание има и известувањето за една од темите што го одбележа вториот извештаен период, нарушените дипломатски односи на релација Скопје-Белград по ненадејното повлекување на амбасадорката и персоналот од српската амбасада во Скопје. Медиумот тековно известуваше за развојот на настаните меѓу двете држави, пренесувајќи информации од едната и од другата страна. Повеќе социјални и економски теми (двосменско работење на градинките, усогласувањето на висината на пензиите, воведувањето поевтина дневна тарифа на струјата, искористување на средствата од ИПА фондовите, намалување на цената за катастарските услуги и др.), како и неколку теми поврзани со здравството (проблемите со истечените здравствени картички, починатите бебиња на Клиниката за гинекологија, хоспитализирањето на повредените патници во несреќата кај Велес, затруени лица со храна), за коишто известува медиумот и во кои главно се појавуваат владини претставници, исто така придонесуваат Владата како субјект да биде второзастапена. Медиумот известува и за започнатата постапка на Владата за именување нов Јавен обвинител.

Како „други субјекти“ во овој извештаен период се кодирани: поранешен претседател на Собрание, универзитетски професори, претставници на „ТАВ Македонија“ и „Еуровингс“, претставник на винарија „Стоби“, адвокати, поранешен претседател на ССМ, претставник на ИВЗ, Регулаторна комисија за енергетика, Народна банка на Македонија, Државна комисија за спречување корупција, странски медиуми и др.

Две теми за коишто известувше медиумот во овој втор десетдневен извештаен период, придонесуваат за застапеноста на граѓанскиот сектор како субјект во вестите на ТВ Алфа. Едната е еколошка тема, поврзана со дивите депонии во Струга и Тетово и активностите на граѓанските здруженија за справување со проблемите. Втората тема што придонесува за застапеноста на граѓанскиот сектор како субјект во прилозите од вестите, е активноста на граѓанската иницијатива „Будење“ за собирање потписи

низ повеќе општини во Македонија, со цел отфрлање на Нацрт стратегијата на Владата на РМ за интеграција на бегалци и странци. Во неколкуте прилози посветени на активностите на граѓанското движење „Будење", медиумот ги пренесува само ставовите на активистите на иницијативата и граѓаните што го даваат својот потпис во знак на поддршка на иницијативата, насочени против населувањето на бегалци во нивните општини. Медиумот не пренесува кој е официјалниот став по ова прашање, иако тој е јавно искажан. Исклучок е една ситуација, кога после прилог за иницијативата „Будење" чија активност се одвива во општина Аеродром, медиумот пренесува поразличен став по тоа прашање, пренесувајќи партиски став од општинската организација на СДСМ од Гази Баба..

Телевизијата во вестите во неколку наврати му посвети внимание на Договорот за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија, при што во одвоени прилози, емитувани во три различни дена беа емитувани изјави на бугарскиот европратеник Александар Џамбаски, извлечени од едно исто интервју дадено за бугарски медиум, при што се презентирани негови антимакедонски ставови.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Субјект | ТВ Алфа Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:00:22 | 0,42 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:17 | 1,46 % |
| Други субјекти | 00:09:24 | 10,69 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:30:59 | 35,22 % |
| Граѓански сектор | 00:08:41 | 9,87 % |
| Влада на РМ | 00:16:01 | 18,21 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:58 | 4,51 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:11 | 1,35 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:08 | 3,56 % |
| СДСМ | 00:04:42 | 5,34 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:20 | 6,06 % |
| ДИК и други органи | 00:00:52 | 0,99 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:52 | 0,99 % |
| Претседател на РМ | 00:00:22 | 0,42 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:49 | 0,93 % |
| | **Вкупно: 01:27:58** | 100 % |

Распоредот на субјектите според временската застапеност во првата табела, е пресликан и во табелата во којашто се прикажани нивните директни обраќања емитувани во вестите на ТВ Алфа. И во оваа табела, според просторот отстапен за директни обраќања, првозастапен субјект е политичката партија ВМРО ДПМНЕ со 30 минути и 59 секунди, или повеќе од една третина од вкупното време одвоено за директни обраќања (1 час 27 минути и 58 секунди). Следствено на првата табела, следуваат: претставниците на Владата со 16 минути и 1 секунда, другите субјекти (9 минути и 24 секунди), претставниците на граѓанскиот сектор (8 минути и 41 секунда) итн.

***Посебни информативни емисии***

*Друга информативна програма*

Тема на контактно-информативната емисија „Збор по збор" од 18 август, на којашто граѓаните можеа да го искажат своето мислење директно во програмата на ТВ Алфа, беше „Дали градинките треба да работат во две смени?", со цел да се чуе мислењето на гледачите по повод иницијативата предложена од Министерството за труд и социјална политика, планирана да се реализира од почетокот на септември.

## ТВ КАНАЛ 5

### *Дневно-информативни емисии*

Десетте изданија на ТВ Дневникот од 18 часот опфатија вкупно време од 5 часа 25 минути и 55 секунди. Дипломатскиот спор помеѓу Република Србија и Република Македонија, главната тема од анализираниот период, од нејзиниот неочекуван почеток сè до разрешницата со посредувачко учество на меѓународната заедница на средби во Ниш и во Драч, беше проследена и обработена етапно, преку прилози комбинирани од информативни жанрови (вести во низа и извештаи за официјалните соопштенија и изјавите на двата државни врва), и од аналитички жанрови поткрепени со стручни анализи (најчесто реализирани како интервјуа), но за овој настан, политиколошки контекстуализиран и како – „преседан во дипломатската историја на Балканот", информативната редакција на ТВ Канал 5 пренесе и медиумски одгласи од регионот и од Европа. Од внатрешно-политичките теми, за истакнување се новинарските прилози поврзани со завршната фаза од разрешувањето на Зврлевски од позицијата на Јавен обвинител, но и прилозите (проследени со партиски ре-акции) од доменот на каскадните структурни промени во низа државни институции / јавни установи, обработени преку сличен новинарско-експертски пристап. Поради широкиот општествен одглас што го предизвика смртта на новородена близначка тројка на Гинеколошко-акушерската клиника во Скопје, важноста на темата насловена – „Дали клиниките ги имаат сите услови за работа?", беше обработена преку мотивски обединети прилози за нефункционалноста на македонскиот здравствен систем, потоа – интерву со министерот Таравари, и проследување дневни партиски ре-акции по истите повод и тема.

Освен освртот за - Скопје и Тетово, видени од аналитичарите Петар Арсовски и Алберт Муслиу како клучни – „индикативни" - пунктови од претстојното соочување за превласт во единиците на локалната самоуправа, методолошкиот фокус, темата – „локални избори", ТВ Канал 5 во Дневникот од 18 часот ја зафати главно информативно, следејќи го менувањето на (не)официјалните партиски соопштенија и ставови во врска со можните кандидати за водечките позиции во локалната самоуправа, но, забележливи беа и информативни прилози што, придружени со репортажна тенденција, се обидуваа да отсликаат некакво предизборно - „народно расположение" во неколку македонски општини (а посебно издвоени беа Куманово и Струмица). Формалниот дел на изборниот процес, пак, оној што се однесува на организацијата на изборната процедура, беше проследен преку работата на Државната изборна комисија – отворањето увид во Избирачкиот список, и екипирањето на избирачките одбори.

Со информативно-репортажен пристап, но со сосем конкретен повод, колоритноста на различни нивоа од реалниот општествено-политички живот на македонските единици на локалната самоуправа, беше отсликана пред сè низ прилозите за запалените депонии во Тетово и во Струга.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:03:05 | 0,95 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:54 | 0,89 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:47 | 0,55 | % |
| Без субјекти | 00:18:44 | 5,75 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:35 | 0,48 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:22 | 0,42 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:38 | 0,19 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:38 | 0,19 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:38 | 0,19 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:39 | 0,20 | % |
| Судство | 00:03:25 | 1,05 | % |
| Други субјекти | 00:42:20 | 12,99 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:23 | 5,34 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 01:24:17 | 25,86 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:32:25 | 9,95 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:34 | 7,54 | % |
| АРМ | 00:02:19 | 0,71 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:42 | 1,44 | % |
| Јавно обвинителство | 00:06:31 | 2,00 | % |
| СДСМ | 00:24:26 | 7,50 | % |
| Беса | 00:00:57 | 0,29 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:32 | 0,47 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:20 | 1,02 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:59 | 0,30 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:31 | 0,47 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:56 | 5,50 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:44 | 6,67 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:55 | 0,28 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:00 | 0,61 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:37 | 0,19 | % |
| | **Вкупно: 05:25:55** | **100** | % |

Сепак, како што е детално опишано во - „*Клучни наоди*", воведниот дел на овој извештај, во Дневникот на ТВ Канал 5 за време на десетдневниот анализиран период, во повеќе наврати беа емитувани и прилози што можат да се анализираат и преку механизмот – „*псевдонастани / псевдовести*". Типичните, оние во кои при целокупниот новинарски/уредувачки приказ на доминантно биполарната меѓупартиска (СДСМ/ВМРО ДПМНЕ) – акција / реакција, доаѓа до конфузија прво помеѓу - политичката номенклатура (Влада/владејачка партија), а последователно и до конфузија во врска со политичките надлежности, издвоени се под следниве наслови, емитувани во вестите на ТВ Канал 5 од 18 часот:

- *СДММ: „Со проектот – млад земјоделец, до 10 илјади евра за старт на сопствен бизнис";*
- *Груевски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, во посета на Дебарско-реканскиот регион: „Економијата во последните неколку месеца стагнира"; „300.000 пензионери очекуваа годинава повисоки пензии за 5%";*
- *Реакција на СДСМ: „На Груевски веќе не му веруваат ниту ни во сопствената партија, граѓаните го препознаваат чесното и одговорното работење на Владата";*
- *Бочварски, претставник на СДСМ: „Наскоро сите работници со загарантирана минимална плата од 12.000 денари";*
- *Груевски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, во Сопиште: „Владата разрешува незаконски и назначува некомпетентни кадри"; „Новата Влада незаинтересирана за носење на странски инвестиции";*
- *Мицковски, генерален секретар на ВМРО ДПМНЕ, од прес-конференција: „Ужасот кој ѝ се случува на Македонија може да го запрете со пенкало во рака на 15 октомври";*
- *Реакција на СДСМ: „Расипништвото и криминалот се единствениот отчет на ВМРО ДПМНЕ";*
- *Груевски, во посета на Охридско-струшкиот регион – „Многу проекти за граѓаните ќе го почекаат враќањето на ВМРО ДПМНЕ";*
- *Груевски во посета на Општина Бутел: „Со чекорите кои ги прави СДСМ трошоците за живот очигледно е дека ќе растат";*
- *СДСМ: „Груевски повеќе не може да ја спречува правдата";*

Во одредени прилози, пак, преку употреба на збирна (колективна) именка за индивидуален извор на информации – извор цитиран дури и со автентичен аудиовизуелен материјал -, се доведува во прашање веродостојноста на основната информација (*Кој зборува/делува – со општествено значење?*) жанровски обликувана во вест. На пример, во прилогот (22 август - од 18:35:46 до 18:36:14) емитуван со следнава најава: „*Жители на Општина Карпош* (збирна именка – з.н.) бараат на референдум да се изјаснат „за" или „против" изградба на станови за мигранти" -, како основен извор на клучната информација за настанот, преку аудиовизуелен цитат е претставена - „*анонимна граѓанка*", односно – ниту е идентификувана со име и презиме, ниту пак се дадени дополнителни информации што би оделе во прилог на веродостојно комплетирање – вест, како стандардна жанровска целина.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Собрание на РМ | 00:01:06 | 0,85 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:44 | 0,57 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:34 | 1,21 | % |
| Други субјекти | 00:21:25 | 16,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:21 | 4,91 | % |
| Влада на РМ | 00:33:15 | 25,70 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:45 | 13,72 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:30 | 6,57 | % |
| АРМ | 00:03:13 | 2,49 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:24 | 1,08 | % |
| Беса | 00:00:13 | 0,17 | % |
| СДСМ | 00:08:23 | 6,48 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:34 | 0,44 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:47 | 1,38 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:43 | 0,55 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:40 | 10,56 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:23 | 4,93 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:35 | 0,45 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:21 | 0,27 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:11 | 0,14 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:44 | 0,57 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:31 | 0,40 | % |
| | **Вкупно: 02:09:22** | **100** | % |

Времето од 13 минути и 40 секунди – „директни обраќања", отстапено во централниот ТВ Дневник од 18 часот за статистичката категорија - „експерти/аналитичари", главно може да се поврзе со споделените дипломатски и правни искуства и толкувања во врска со билатералниот спор Србија – Македонија, како и со процедурата за назначување нов Јавен обвинител и профилирање на неговиот професионален и етички хабитус. Оттука главно произлегуваат и 33-те минути отстапени за Владата, но предвид треба да се имаат и опширните прилози за инфраструктурните и за кадровските проблеми на македонскиот здравствен систем, како и одговорите на надлежните министерства во врска со одредени новитети во економските политики. Споредбено, третманот на активностите на ВМРО ДПМНЕ преку аудиовизуелни цитати, а на реакциите на СДСМ најчесто преку пренесени официјални соопштенија на партијата, резултира со разлика во минутажа за т.н. „директни обраќања". Дваесетте минути за ставката – „други субјекти", обединува јавен исказ на претставници од различни општествени области – од академските кругови, од услужните дејности, организитори на фестивали и на културно-уметнички манифестации, добитници на државни признанија, но и разговори и интервјуа со претставници на ФК Вардар, по повод пласманот во групната фаза од фудбалската Лига на Европа.

***Други програми***

***Здраво Македонијо***

Делови од утринскиот колажен програмски појас насловен „Здраво Македонијо", по принципот – „отворено студио", им беше отстапен на анонимни гледачи за нивни мислења во врска со најактуелните општествено-политички теми за периодот од 17 до 26 август 2017 година:

*- Промените во раководството на Сојузот на синдикатите и состојбата на синдикалните организации воопшто;*
*- Ќе има ли насокоро решение за т.н. „спор со државното име на Македонија?";*
*- Предлогот на Владата да се воведе двосменско работење во градинките;*
*- Зголемување на пензиите од 1%, најавено за оваа есен;*
*- Промени во системот на високото образование – укинување на дисперзираните студии / подобрување на квалитетот на студиските програми / избор – занает или факултет;*
*- Ќе има ли фер кампања за локалните избори?;*
*- Промени во здравствениот систем – електронски картички / сини картони, или нешто трето?;*
*- Каква личност треба да биде новиот Јавен обвинител?;*
*- Какви мерки се очекуваат од државата за да се намали бројот на сообраќајни жртви?;*
*- Односите на Република Македонија со соседите, и нејзината интеграција во ЕУ и во НАТО?;*
*- Каков е односот на Македонците кон потрошувачката на храна?;*
*- Ќе оди ли Македонија на локални избори со проблематичен Избирачки список?;*
*- Кои се причините за нискиот наталитет во државава?;*
*- Каква улога имал српскиот разузнавач Живаљевиќ?*
*- Кои политики треба да ги преземе државата за стопирање на миграцијата село – град?*
*- Пласманот на ФК Вардар во групната фаза од Лигата на Европа;*

## ТВ СИТЕЛ

### Дневно информативни емисии

Десет изданија на Дневникот во 19 часот и седум изданија на Бизнис вестите (кои не се емитуваат во текот на викендот), го сочинуваат примерокот за мониторингот на ТВ Сител во вториот десетдневен извештаен период (17-26 август 2017). Предмет на анализа се прилози со вкупно времетраење од 4 часа 40 минути и 7 секунди, жанровски најчесто реализирани како извештаи, повремено коментаторски извештаи, вести, соопштенија, осврти, репортажа од учеството на АРМ во гасењето на пожарите и интервјуа – три реализирани од ТВ Сител: со министерот за финансии Драган Тевдовски, со генералниот секретар на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицковски и со Стефан Воденичаров, поранешен претседател на Бугарската академија на науки, а едно преземено - со министерката за труд и социјална политика Мила Царовска.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:33 | 8.76 | % |
| Судство | 00:03:51 | 1.37 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:08 | 0.41 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:08 | 0.41 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:47 | 0.63 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:34 | 3.06 | % |
| Граѓански сектор | 00:23:05 | 8.24 | % |
| Влада на РМ | 01:09:55 | 24.96 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:15:24 | 5.50 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:54 | 0.32 | % |
| Други субјекти | 00:24:11 | 8.63 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:41:05 | 14.67 | % |
| СДСМ | 00:13:54 | 4.96 | % |
| Без субјекти | 00:14:37 | 5.22 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:02 | 1.44 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:58 | 1.06 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:46 | 0.27 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:00 | 1.78 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:12 | 7.57 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:02:04 | 0.73 | % |
| | **Вкупно: 04:40:07** | **100** | **%** |

Владата на Република Македонија е застапена со 1 час 9 минути и 55 секунди, како резултат на информациите за редовните активности и мерки (воведувањето двосменско работење во градинките, пензиите, субвенции, договорот за користење средства од ФАО за агроеколошко зонирање на РМ, неискористувањето на средствата од ИПА проектите, состојбата во болницата во Штип, анализа на Министерството за финансии за јазот во доходот меѓу богатите и сиромашните во Македонија, намалувањето на цените на катастарските услуги итн.), потоа за активностите на надворешно-политички план и одговори на обвинувањата од опозициската ВМРО ДПМНЕ на повеќе теми.

Настанот кој го одбележа вториот извештаен период од мониторингот, односно неколкудневната криза во билатералните односи меѓу Република Македонија и Република Србија, Сител - на денот на повлекувањето на целиот персонал од српската амбасада во Скопје, го покри со свој репортер во Белград. При јавувањето беа пренесени иницијалните ставови на српскиот државен врв дека станува збор за прислушкување, но и шпекулациите оти во заднината на постапката лежи информацијата дека Македонија би гласала за влез на Косово во УНЕСКО, како и анкета со белграѓани и нивниот негативен став на прашањето од ТВ Сител: „Дали тоа е пријателски чекор?". Од Скопје беше пренесено соопштението од Владата и барањето на лидерот на опозициската ВМРО ДПМНЕ за објаснување што се случува. Известувањето во наредните денови го следеше развојот на настанот при што се пренесуваа изјавите на македонскиот министер за надворешни работи Никола Димитров, вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи, новите изјави од српското раководство, па потоа за епилогот од телефонските разговори меѓу премиерот Зоран Заев и српскиот претседател Александар Вучиќ, и меѓу министрите за надворешни работи Димитров и Дачиќ, реакциите од официјален Брисел, како и ставот на опозициската ВМРО ДПМНЕ. Не беше пренесен критички став за српската постапка ниту од Македонија ниту од Србија. Со смирувањето на ситуацијата беше информирано за најавената средба на министрите за надворешни работи во Ниш, од која беше известувано со репортерка во живо; а оваа тема свој одглас имаше и во јавување во живо од неформалниот самит на премиерите од Западниот Балкан во Драч, преку информирањето и за разговорот меѓу српската премиерка Ана Брнабиќ и македонскиот премиер Заев. ТВ Сител иницијално не извести за тврдењето на српскиот разузнавач Горан Живаљевиќ дека бил во Собранието на РМ на 27 април со одобрение од Синиша Алексовски, советникот за национална безбедност на македонскиот претседател, а ги пренесе реакциите - дел од интервјуто на Алексовски за МИА во кое тој го негираше ваквиот наод, како и соопштението на СДСМ на оваа тема.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (41 минута и 5 секунди). Фокусот во известувањето честопати беше ставен на меѓусебната комуникација на опозициската ВМРО ДПМНЕ и владејачката СДСМ (13 минути и 54 секунди). Ставовите на ВМРО ДПМНЕ најчесто беа изнесени преку изјави - во значаен дел од изјави на лидерот на партијата Никола Груевски со критики за мерките и активностите на Владата по различни прашања дадени од неговите посети во повеќе населени места и средби со граѓаните на различни општини во Македонија. Всушност, во настојувањето да ја следи динамиката типична за комуникацијата меѓу овие два политички субјекти и - за некои од темите - Владата, а која функционира по шемата *креирање настан/тема-одговор-контраодговор*, и ТВ Сител во повеќе наврати известуваше по принципот *„псевдонастан-псевдовест"* (поопширно објаснето во Клучните наоди од овој збирен Извештај). Некои од покарактеристичните вакви прилози се:

- *„ВМРО-ДПМНЕ обвини дека СДСМ по втор пат удира по пензионерите“,*
- *„СДСМ најавува дека ќе ја врати евтината тарифа на струјата“,*
- *„СДСМ: Ја унапредуваме инфраструктурата и ги санираме милионските штети на автопатите од претходната влада“,*
- *„Милошоски: Владата незаконски поставува директори, раководители и членови на управни одбори“,*
- *„Груевски: ВМРО-ДПМНЕ законски ќе ги гони незаконските разрешувања од владата“,*
- *„СДСМ: Судските пресуди против градоначалниците од ВМРО ДПМНЕ се докази за расипничко владеење“,*
- *„СДСМ: Лажните вести на ВМРО-ДПМНЕ нема да го спречат воведувањето на евтина тарифа на струјата“*
- *„Груевски: Пресудите против градоначалниците се политички мотивирани“,*
- *„СДСМ: ВМРО ДПМНЕ со лажни вести шири манипулации за реализираните аукции на домашниот пазар на хартии од вредност“,*
- *„Груевски - зголемувањето на стапката на придонеси за пензиско ќе биде погубно и за работниците и за работодавачите“,*
- *„Груевски: Заев сака да изврши целосна партизација и на локалната самоуправа“,*
- *„СДСМ: Хаос се случува само во главата на Никола Груевски, Македонија оди напред“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ и Заев се во паника и грч со секое појавување на Никола Груевски“,*
- *ВМРО-ДПМНЕ: Евтината тарифа ќе ја зголеми цената на струјата“.*
- *„Груевски: Со мерки што ги презема СДСМ трошоците на живот ќе растат“,*
- *„СДСМ: Дневната тарифа на струјата се враќа, ветувањето дадено пред граѓаните се реализира“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Враќањето на евтината струја е популистичка мерка и нема да влијае врз семејниот буџет“,*
- *„Груевски: Многу проекти за граѓаните изгледа ќе мора да го почекаат враќањето на ВМРО ДПМНЕ на власт“,*
- *„СДСМ: Македонија незапирливо оди напред, заврши времето на чекање“.*

Од ваквите обвинувања и контраобвинувања произлезена е и серија извештаи за покачувањето на пензиите во кои беа сопоставени ставовите на МТСП и министерката Мила Царовска со оние на ВМРО ДПМНЕ (преку изјави на лидерот Никола Груевски и други членови на партијата) и на СДСМ (преку соопштенија), а на темата беа посветени и два коментаторски извештаи насловени: *„Дијаметрално спротивставени мислења имаат претставниците на власта и опозицијата по прашањето на пензиите“* и *„ВМРО-ДПМНЕ: Сатар за пензиите, Владата тврди – пензионерите ќе го добијат законското покачување“*, во кои, меѓу другото, ТВ Сител има направено математичка пресметка и графички приказ за тоа колку ќе се зголемат пензиите во 2018 година согласно предлогот на Владата и проекција насловена *„покачување од Владата на ВМРО ДПМНЕ“* за тоа колку би се зголемиле ако би се покачувале за 600 денари месечно. Притоа, во едниот прилог се вели: *„Во времето на ВМРО ДПМНЕ пензијата се покачуваше за 600 денари месечно или вкупно 7200 денари годишно, што е за 330% повеќе“*, а во другиот: *„Сумата од 7200 денари која ВМРО ДПМНЕ ја обезбедуваше за 12 месеци, Владата на СДСМ ќе им ја исплати на пензионерите во тек на три години“.*

Во неколку изданија на Дневникот во 19 часот се известуваше и за смртта на новороденчињата на Клиниката за Гинекологија во Скопје. Притоа, во неколку извештаи беа спротивставени обвинувањата на ВМРО ДПМНЕ со ставовите на министерот за здравство Арбен Таравари и на директорката на ГАК Викторија Јовановска, беа пренесени и меѓусебните обвинувања на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, а медиумот направи и анализа на тешкотиите со кои се соочува Клиниката во подолг временски период.

Една од актуелните теми во овој мониторинг период, која ТВ Сител ја следеше во низа беше разрешувањето на Марко Зврлевски од функцијата Јавен обвинител на РМ, именувањето вршител на должноста и отпочнувањето на процедурата за избор на нов обвинител. Притоа, освен информациите за новостите и постапките кои се преземаат од институциите и ставовите на политичките партии, медиумот поаналитички се занимаваше со прашањето во врска со Мислењето од Антикорупциска комисија дека разрешувањето е нелегално така што на публиката ѝ презентираше и спротивставени мислења од двајца поранешни членови на Комисијата.

Известувањето за Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, во овој десетдневен период продолжи преку следење на активностите на граѓанската иницијатива „Будење“ за референдум против градење кампови за мигранти во Карпош, Куманово, Аеродром, Охрид, Кавадарци, Центар, Прилеп,

Валандово, Битола. Множеството прилози на оваа тема опфати и извадок од интервјуто со министерката Мила Царовска дадено за Радио Слободна Европа за тоа дека не станува збор за бегалци и за бегалски кампови; извештај за гласање во Советот на Општина Прилеп против изградбата на мигрантски населби; напис од британски „Гардијан“ дека земјите од ЕУ ќе ги враќаат бегалците онаму каде што за првпат се регистрирале и реакцијата на министерот за надворешни работи Никола Димитров дека никој не побарал Македонија да стане земја-дестинација за бегалци. Овие прилози имаат значаен придонес кон времето од 23 минути и 5 секунди кое го зафаќаат субјектите од методолошката категорија *„граѓански сектор“*, во која се вбројуваат и информациите за активностите на претставниците од старото и новото раководство на ССМ; „Еко герила“; Нуркачкиот клуб Акватек; Спелеолошки клуб; Здружението на деца со посебни потреби „Пет до 12“; СОНК; „Доста – Струга“; Планинарскиот клуб Мамути Прилеп и др.

Позначајно време во вестите имаат и прилозите поврзани со активности на субјекти категоризирани како *„органи на државната управа/јавни претпријатија/установи“* (24 минути и 33 секунди), а се однесуваат на пожарите во земјата, труењата во една скопска сендвичарница, сообраќајната несреќа кај Велес, работата на болниците, катастарот итн.

Во времето за активностите на локалната самоуправа, освен за редовните активностите, беше известувано и за отчетите на градоначалниците (од ВМРО ДПМНЕ) на општините Гази Баба, Свети Николе, Аеродром, Илинден.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сител | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание на РМ | 00:00:21 | 0.35 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:35 | 0.58 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:40 | 0.66 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:33 | 3.50 % |
| Граѓански сектор | 00:14:20 | 14.14 % |
| Влада на РМ | 00:20:22 | 20.09 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:42 | 8.58 % |
| Други субјекти | 00:07:17 | 7.18 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:08 | 4.08 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:26:05 | 25.73 % |
| СДСМ | 00:02:13 | 2.19 % |
| ДИК и други органи | 00:02:14 | 2.20 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:58 | 8.84 % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:23 | 1.36 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:32 | 0.53 % |
| | **Вкупно: 01:41:23** | **100 %** |

Во директните обраќања, ВМРО ДПМНЕ има најмногу време (26 минути и 5 секунди) кое во себе го опфаќа и интервјуто со генералниот секретар на партијата Христијан Мицковски, следна е Владата на РМ (20 минути и 22 секунди), а позначајно присуство имаат и субјектите од граѓанскиот сектор.

Извештаите ретко имаат коментаторски елементи, а во овие десет дена емитувани се два осврти: – *„СДСМ не ги открива кандидатите за градоначалници, но дел од нив започнаа фејсбук кампања“* (2 минути и 20 секунди) и *„Како функционира шемата со која фирмите затајувале данок, дали двајцата вработени можеле сами да го прават тоа? Даночните експерти бараат одговорност“* (1 минута и 57 секунди).

Сител продолжува да известува за прашања од интерес за локалните заедници, како што се: асфалтирањето на улиците во Штип, црна хроника од Чифлик, Штип, Охрид, пожарот во депонијата во Кичево, штетите од земјотресите и формирањето паралелки со помалку ученици од законскиот лимит поради недостигот од ученици во Охрид, зголемувањето на бројот на питачи во Охрид и Струга во летниот период, информациите од Капетанијата во Охрид за зголемениот број пловила во Охридското езеро и

недостигот од Марина за нивно сместување; заедничкиот проект на Дојран и Кукуш за грижа за еко системот на Дојранското езеро, Фичијадата во Гевгелија итн.

### *Други програми*

#### *Ја сакам Македонија (На дневен ред)*

Во утринската контактна програма *Ја сакам Македонија* која се емитува секој ден, освен во сабота и во недела, во сегментот насловен *На дневен ред*, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми:

На 17 август 2017 година: *„Владата го укина покачувањето на пензиите за 5%. Пензионерите нема да го добијат очекуваното покачување“* и *„Предлог на Владата - градинките да работат во две смени“.*

На 18 август 2017 година: *„Вардар ги згазна фенерите, историска победа од 2-0 против Фенербахче. Реванш не дели од групната фаза во лига Европа“* и (како продолжение од претходниот ден): *„Втор ден дебата за пензии! Линеарно или процентуално, сепак пензионерите ќе паузираат. Се укинува досегашната пракса на покачување!“.*

На 21 август 2017 година, *На дневен ред* беа граѓанските проблеми.

На 22 август 2017 година: *„Се заоструваат односите со Србија. Белград си го повлече персоналот од Амбасадата. Дачиќ со најава за промена во ставот со името за Македонија доколку земјава гласа Косово да влезе во УНЕСКО“* и *„Полека се откриваат можните кандидати за градоначалници, Скопскиот ќе трча за уште еден мандат. Има ли шанса досегашниот градски татко Трајановски повторно да го води град Скопје?“.*

На 23 август 2017 година: *„Не за изградба на кампови за мигранти! Граѓанска иницијатива за собирање потписи за референдум!“* и *„По скандалот на Охридско лето МНТ ќе ги дисциплинира граѓаните и политичарите. Пет минути пред претставата ќе ги затвораат вратите! Кој задоцни, останува надвор!“.*

На 24 август 2017 година: *„Српските дипломати се враќаат во амбасадата во Македонија! Заев и Вучиќ се договорија да работат на добрососедство“*, и *„Грчкиот претседател Павлопулос ги прими и пофали младите ракометарки. Добро било што не играле со Македонките и го напуштиле теренот!“,*

На 25 август 2017 година: *„Ајде ајде ајде Вардарееее.... Вардар во Лига Европа!!! Турски Фенербахче на колена. На националната арена ќе игра Европскиот фудбалски крем“* и *„Од октомври се враќа дневната тарифа на евтина струја“.*

## ТВ ТЕЛМА

### *Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период од 17 до 26 август 2017 година, се опфатени десет изданија на Вестите во 18 часот и 30 минути на Телевизија Телма. Вкупната информативна минутажа без вестите од светот, спортот и временската прогноза изнесува 4 часа и 29 минути, од кои на прилозите со аналитичките жанрови се отстапени 14 минути и 48 секунди. Медиумот користи повеќе жанровски приоди при информирањето на гледачите, со тоа што најчести се извештаите, има вести и соопштенија, интервјуа, портрет (на Марко Зврлевски), осврти и репортажа (за опустошениот Хотел Европа во Отешево).

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:15:13 | 5,66 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:10 | 0,43 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:48 | 0,67 | % |
| Влада на РМ | 01:03:22 | 23,56 | % |
| Јавно обвинителство | 00:06:02 | 2,24 | % |
| Судство | 00:06:18 | 2,34 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:26 | 0,16 | % |
| Без субјекти | 00:16:27 | 6,12 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:15:26 | 5,74 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:01 | 5,95 | % |
| СДСМ | 00:06:24 | 2,38 | % |
| Други субјекти | 00:18:16 | 6,79 | % |
| Граѓански сектор | 00:32:27 | 12,07 | % |
| АРМ | 00:02:11 | 0,81 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:52 | 1,81 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:03:23 | 1,26 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:05:29 | 2,04 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:03:32 | 1,32 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:43 | 3,61 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:43 | 2,87 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:57 | 10,02 | % |
| Беса | 00:03:00 | 1,12 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:18 | 0,85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:31 | 0,19 | % |
| | **Вкупно: 04:28:59** | **100** | % |

Нарушените дипломатски односи со Србија беа тема која беше обработувана во неколку изданија на вестите и тоа во низа, а се јави и како поттема на некои прилози. Телевизијата извести за ставот на Србија преку изјавите на претседателот Вучиќ и министерот за надворешни работи Дачиќ, пренесе изјави на македонскиот министер за надворешни работи Никола Димитров, како и критички став кон потегот на Србија од страна на поранешниот српски амбасадор во Париз Радомир Диклиќ, критичкиот став на српската опозиција и на Никола Дујовски, професор на Факултетот за безбедност. Беше известено и за телефонскиот разговор Заев-Вучиќ, соопштението од ВМРО ДПМНЕ, како и за ставот на ЕУ преку изјавата на портпаролката Маја Коцијанчиќ. Известувањето за оваа тема продолжи со следењето на нормализацијата на ситуацијата, средбата на македонската амбасадорка во Белград Вера Јовановска-Типко со српскиот претседател Александар Вучиќ, најавата од премиерката на Србија, Ана Брнабиќ за заедничка седница на владите на Република Македонија и Република Србија и враќањето на персоналот во Амбасадата. Поврзано со оваа тема беше и интервјуто на Синиша Алексовски, советникот за национална безбедност на претседателот на Република Македонија, дадено за МИА во кое тој негира дека српскиот разузнавач Горан Живаљевиќ бил во Собранието на РМ на 27-ми април со негово одобрение, ова беше проследено и со партиската реакција на СДСМ, а беше информирано и за можноста Обвинителството за организиран криминал да го опфати со истрага присуството на Живаљевиќ во Собранието на 27-ми април. Со репортерски јавувања беа проследени средбите во Ниш на министрите за надворешни работи на Македонија и Србија, и неформалниот самит на лидерите од Западен Балкан во Драч, каде на маргините се сретнаа премиерите Зоран Заев и Ана Брнабиќ.

За активностите на Владата на РМ, во извештајниот период Телевизијата известуваше во врска со следните теми: расчистувањето на забуната околу повторното воведување сини картони за здравствено осигурување, информациите од Министерството за земјоделие околу договорот за користење средства од ФАО за агроеколошко зонирање на РМ, турнејата на министерот за надворешни работи низ скандинавските земји, повторното воведување на евтината тарифа за струјата, анализа на Министерството за финансии за доходовна нееднаквост во Република Македонија, посетата на министерот за здравство на болницата во Штип и на заменик-министерот во болницата во Битола, како и во врска со одбележувањето на 25-годишнината од формирањето на АРМ.

Една од темите кои беа често присутни во вестите е прашањето на разрешувањето на Марко Зврлевски од функцијата државен јавен обвинител и изборот на нов. По иницијалниот извештај од гласањето на пленарната седница, Телма емитуваше портрет за него и потоа неколкупати се наврати на оваа тема преку информации за тоа каква е процедурата за избор на нов јавен обвинител, кој е првиот официјален кандидат за нов јавен обвинител, носењето владина одлука според која Собранието треба да го распише конкурсот, а направи и анализа со експерти кои ги изнесоа своите ставови за тоа што треба да направи наследникот на Зврлевски, кој пак треба да понесе одговорност. Притоа беа пренесени ставовите и на партиите од власта и од опозицијата и на Владата и на Советот на јавни обвинители, на адвокати и обвинители.

Уште една тема која беше актуелизирана е прашањето - како ќе функционира понатаму Парламентот и дали ќе биде блокирано носењето закони. Нејзе ѝ беше посветен прилог во кој се разгледуваа причините за тоа зошто законот за минимална плата не е на дневен ред во Собранието и до кога може да се очекува да се донесе. Дел од интервјуто со претседателот на Собранието Талат Џафери беше посветен на таа тема, а исто така и известувањето за анализата на МОСТ за тоа каква е продуктивноста на досегашната расправа во Законодавниот дом.

Во врска со активностите на граѓанската иницијатива „Будење" за собирање потписи за распишување референдуми во општините против населување мигранти, освен извештаи, Телма емитуваше и еден осврт, *„Учителки собираат потписи против мигрантите"* во кој подлабоко го истражуваше податокот наметнат во еден од извештаите – дека во општина Аеродром потписи собираат учителки. При трагањето по фактите консултирани беа и Министерството за образование и директорката на училиштето. А за прашањето кое лежи во основата на иницијативата – дали има барање/најава за доселување мигранти и оттаму – основа за распишување референдуми – пренесен беше Фејсбук статусот на министерот за надворешни работи Никола Димитров дека такво нешто досега никој не побарал. Одговор беше побаран и од ВМРО ДПМНЕ за тоа дали се точни наводите за поврзаноста на партијата со иницијативата.

Аналитички пристап е забележлив и во освртот *„Владините мерки, популизам или реалност?"* каде преку експертски ставови беше разгледана можноста за реализација на мерките ветени од Владата. Анализата сопоставуваше различни ставови и мислења.

На Телевизијата се присутни теми и во врска со организацијата на Локалните избори, но без посебен интензитет. Информации на оваа тема имаше во освртот: *„Кои ќе бидат кандидатите за градоначалници?"*, кој врз основа на официјално соопштените информации од партиите и анализа на медиумот понуди претпоставки за тоа каков избор од кандидати ќе им биде понуден на граѓаните за Локалните избори, за стари, познати личности или нови кандидати од партиите, но и независни кандидати. Телевизијата ги покри и направи избор од активностите на ДИК за подготовка на изборите, започнувањето на увидот во избирачкиот список, проблемите на ДИК со изборот на општинските изборни комисии, несогласувањата во ДИК по повод информацијата доставена од Министерство за информатичко општество и администрација, вклучително и за барањето на Беса за замена на членот на ДИК од ДПА со нејзин член - согласно Изборниот законик.

Тема од интерес за локалното организирање беше и информацијата за заедничката иницијатива и отпочнувањето јавна дебата на Министерството за локална самоуправа и Канцеларијата на УНДП во Македонија за враќање на улогата на локалните заедници – урбани и месни заедници, како потенцијал за зајакнување на локалната самоуправа.

Може да се забележи дека медиумот малку информираше за обвинувањата и контраобвинувањата помеѓу владејачката СДСМ и опозициската ВМРО ДПМНЕ, а повеќе се концентрираше на неколку теми со поголемо општествено политичко значење. Преку споредба со редакцискиот пристап на други национални телевизии, може да се види тека таа се дистанцира од следење псевдонастани, односно проследување псевдовести. Телевизијата по еден таков повод го следи претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во посета на мавровскиот регион, но ја контекстуализира неговата изјава во врска со економските политики на Владата на РМ, а не како отчет на градоначалникот кон партискиот лидер.

Медиумот извести за пресудата на Основниот суд Кавадарци, со која градоначалникот на Општина Кавадарци Александар Панов беше осуден на два месеца затвор за кривично дело „поткуп при избори и гласање" и за условната казна за градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески, при што информираше за повеќе аспекти на случајот.

Продолжи и практиката да известува за теми од регионален и локален интерес. Една од темите која се наметна беше пожарот во тетовската депонија. Оваа тема беше следена во низа, во неколку последователни изданија на вестите со опфаќање различни аспекти на проблемот: од информацијата за избивањето на пожарот, преку напорите за гасење, протестите на тетовци и ставовите на градоначалничката Теута Арифи, министерот без ресор Самка Ибраимовски, здравствени експерти за можните штетни последици, до нејзиното расчистување и блокадите на пристапот до депонијата Русино од страна на гостиварци како и сместување на проблемот во поширокиот контекст на лошо управување со отпадот во Македонија преку информации од граѓански организации кои работат во сферата на рециклирањето и користењето на отпад.

Освен за оваа тема, интересите на граѓаните беа во средиште и на информациите за самозапалувањето на струшката депонија, протестите на жителите на Порој и Џепчиште поради тоа што сѐ уште не е саниран патот Тетово – Јажинце, активностите на здружението „Втора шанса" од Кочани во врска со зачестените грозоморни убиства на домашни животни во градот, како и за референдумот за рудниците во валандовско.

Локалната самоуправа беше присутна со редовни активности, како во прилогот за Центарот за деца со посебни потреби во Македонска Каменица кој речиси една година стои празен, за што обраќање имаше Дарко Митевски градоначалник на Македонска Каменица, а се анализираше и случајот со изградбата на штипскиот Дом за стари лица кој две години е заглавен во судски процес.

Беше известено и за локални граѓански иницијативи, како протестот на дебармаалци, односно на граѓанска иницијатива во одбрана на Дебар Маало за безбедни улици, протестите на граѓанското здружение Зелено Тафталиџе во општина Карпош против интензивната градба во општината.

И во овој извештаен период во вестите бележиме три интервјуа: со Елеонора Петрова в.д. директорка на Управата за културно наследство која најавува дека Управата ќе се реформира, со претседателот на Собранието Талат Џафери кој говори за тоа како во иднина ќе работи законодавниот дом (обете реализирани од Телма) и извадок од интервјуто на министерката за труд и социјална политика Мила Царовска за Радио Слободна Европа, во кое појаснува дека нема предвидено средства за станови за бегалци.

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Телма | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание на РМ | 00:07:10 | 9,02 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:27 | 0,57 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:59 | 1,24 % |
| Влада на РМ | 00:20:22 | 25,63 % |
| СДСМ | 00:02:16 | 2,85 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:30 | 4,40 % |
| Други субјекти | 00:06:40 | 8,39 % |
| Граѓански сектор | 00:12:23 | 15,58 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:25 | 5,56 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:18 | 0,38 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:31 | 1,91 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:21 | 1,70 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:24 | 5,54 % |
| ДИК и други органи | 00:03:43 | 4,68 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:06 | 10,19 % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:40 | 0,84 % |
| Беса | 00:00:40 | 0,84 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:33 | 0,69 % |
| | **Вкупно: 01:19:28** | **100 %** |

Позначајна временска застапеност во директните обраќања имаат Владата и субјектите од граѓанскиот сектор.

## КАБЕЛСКИ ТВ

### ТВ 21 – М

#### *Дневно-информативни емисии*

Со мониторингот спроведен во периодот од 17 до 26 август 2017 година, се опфатени Вестите емитувани во 18 часот и 30 минути (*21 Live news / Magazine informative*). Вкупното времетраење на прилозите опфатени со анализата е 3 часа 16 минути и 28 секунди. Доминантно (3 часа 13 минути и 35 секунди) се застапени претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментаторски елементи), а емитуван е и еден новинарски осврт, во траење од 2 минути и 53 секунди.

Најзастапен субјект во вестите на ТВ 21 – М и во вториот извештаен период останува Владата, за чиишто активности е одвоено повеќе од една четвртина од вкупното време на анализираните прилози во вестите. Тематски доминираат прилозите посветени на односите Скопје – Белград, по повлекувањето на српската амбасадорка во РМ и вработените од амбасадата како и прилозите посветени на постапката за изборот на нов Јавен обвинител по разрешувањето на Марко Зврлески, во коишто Владата е еден од носителите на процесот. Медиумот во континуитет информираше за средбите на највисоките претставници на македонската Влада со претставниците на српската држава, со цел изнаоѓање решение за влошените дипломатски односи меѓу двете земји, настанати по ненадејното повлекување на српските дипломати од Македонија. За именувањето на нов Јавен обвинител, беше отстапен простор на повеќе владини претставници да се произнесат по ова прашање, а беа пренесени и владините соопштенија. Повеќе социјални и економски теми (двосменско работење на градинките, усогласувањето на висината на пензиите, права на лицата со посебни потреби, изградба на експресен пат Градско-Дреново, поевтина цена на струјата, искористување на средствата од ИПА фондовите, намалување на цената за катастарските услуги и др.), како и неколку теми поврзани со здравството (проблемите со истечените здравствени картички, починатите бебиња на Клиниката за гинекологија, хоспитализирањето на повредените патници во несреќата кај Велес), за коишто известува медиумот и во кои главно се појавуваат владини претставници, исто така придонесуваат Владата како субјект да има застапеност од 53 минути и 44 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Собрание на РМ | 00:04:29 | 2,28 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:57 | 0,48 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:57 | 0,99 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:36 | 5,39 % |
| Беса | 00:01:20 | 0,67 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:46 | 0,39 % |
| СДСМ | 00:05:03 | 2,57 % |
| Влада на РМ | 00:53:44 | 27,35 % |
| Судство | 00:06:58 | 3,55 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:51 | 7,56 % |
| Граѓански сектор | 00:14:08 | 7,19 % |
| Без субјекти | 00:18:22 | 9,35 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:04 | 2,07 % |
| Други субјекти | 00:14:13 | 7,23 % |
| Јавно обвинителство | 00:06:45 | 3,43 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:06:49 | 3,47 % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:02:11 | 1,11 % |
| Локална самоуправа | 00:01:08 | 0,57 % |
| АРМ | 00:00:29 | 0,25 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:00:29 | 0,25 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:50 | 3,48 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:44 | 0,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:10 | 6,19 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:55 | 1,99 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:10 | 0,60 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:10 | 0,59 | % |
| Унитети | 00:00:36 | 0,31 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:36 | 0,31 | % |
| | **Вкупно: 03:16:28** | 100 | % |

Репортажите со социјална тематика (за раселено семејство од Инџиково поради поплавите од минатата година, за неподвижен жител на село Десово) придонесуваат најмногу за застапеноста на категоријата „без субјекти" во која најчесто се кодирани граѓаните. Информациите за протестите на жителите на Тетово против дивата депонија во градот, потоа за протестите на жителите на населените места Џепчиште и Порој поради поплавите, како и анкетите со граѓани на теми од здравството и образованието, ја заокружуваат присутноста на овој субјект во вестите на ТВ 21 – М.

Гледано според временската застапеност, следуваат три субјекти („органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи", „други субјекти" и „граѓански сектор") сите поединечно присутни со нешто повеќе од по 14 минути.

Застапеноста на субјектот „органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи" се должи пред се на информациите на Фондот за здравство поврзани со употребата на истечените здрвствени картички, информациите од Клиничкиот центар во врска со сообраќајката кај Велес, труењето со храна на посетителите на два скопски угостителски објекта и смртните случаи на Клиниката за гинекологија, како и информациите од Управата за јавни приходи за откриени случаи на даночно затајување.

Протестите на граѓанските здруженија од Тетово и Струга во врска со дивите депонии во двата града и прес-конференциите на граѓанската организација „Мост", придонесуваат за отстапениот простор за граѓанскиот сектор.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Собрание на РМ | 00:00:27 | 1,15 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:16 | 0,68 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:49 | 2,08 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:56 | 10,03 | % |
| Беса | 00:00:33 | 1,40 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:34 | 1,45 | % |
| Влада на РМ | 00:12:16 | 31,29 | % |
| Други субјекти | 00:02:36 | 6,63 | % |
| Судство | 00:00:12 | 0,51 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:42 | 4,34 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:20 | 5,95 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:49 | 2,08 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:37 | 1,57 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:03 | 7,78 | % |
| СДСМ | 00:00:26 | 1,11 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:05 | 2,76 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:29 | 8,89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:42 | 6,89 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:29 | 1,23 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:30 | 1,28 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:21 | 0,89 | % |
| | **Вкупно: 00:39:12** | 100 | % |

Вкупното времетраење на директните обраќања е 39 минути и 12 секунди. Речиси една третина (12 минути и 16 секунди) од тоа време е одвоено за директните обраќања на владините претставници.

***Посебни информативни емисии***

Во периодот од 17 до 26 август, се емитувани неколку изданија на информативната емисија „10 минути". Во врска со разрешувањето на Јавниот обвинител Марко Зврлески и околу постапката за назначување нов Јавен обвинител, беа емитувани разговори со собранискиот спикер, Талат Џафери и адвокатот Звонко Давидовиќ. Во „10 минути", со аналитичарот Нано Ружин, беше дискутирано за дипломатските односи меѓу Македонија и Србија, како резултат на повлекувањето на српските дипломати од амбасадата во Скопје. За истата тема, односите Скопје-Белград, беше отстапен простор во уште едно издание на емисијата, во којашто беше поопширно информирано од прес-конференцијата на министерот за надворешни работи, Никола Димитров.

Во другите изданија на емисијата беа емитувани две репортажи со социјална тематика (за раселено семејство од Инџиково, за неподвижен жител на с. Десово), за сообраќајката кај Велес и за Центарот за лекување од зависности во Скопје.

## ТВ АРТ ЧАННЕЛ

***Дневно-информативни емисии***

Во вториот десетдневен извештаен период, анализирани се исто толку изданија на централната дневно-информативана емисија, што секојдневно се емитува во 18 часот и 45 минути. Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со општествено-политичките случувања во земјава, во текот на десетдневниот период, е 3 часа, 24 минути и 51 секунда. За настаните медиумот известува користејќи ги претежно информативните жанрови, вест и извештај, како и извештај со коментаторски елементи.

Исто како и во претходниот извештаен период, првозастапен субјект според одвоеното време во вестите е Владата. Една четвртина од времето на анализираните прилози отпаѓа за известување од активностите на Владата или нејзините претставници. Медиумот известуваше за двете теми што преовладуваа во извештајниот период, односите на релација Скопје-Белград по повлекувањето на српските дипломатски претставници од Македонија, и за средбата на претставниците на лидерите на Западен Балкан, што со посредство на ЕУ се одржуваше во Драч, Албанија. Ги пренесуваше изјавите на нашите претставници од двата настана, но повеќе за случувањата известуваше преку написите на странските медиуми за случувањата на релација Македонија-Србија и за самитот во Драч. Застапеноста на Владата како субјект повеќе се должи на известувањето за активностите на владините претставници (посетата на вицепремиерот за европски прашања Бујар Османи на Германија, прослава на 25 години АРМ, двосменско работење на градинките, усогласувањето на висината на пензиите, поевтина цена на струјата, искористување на средствата од ИПА фондовите, намалување на цената за катастарските услуги, прашањата поврзани со бегалците, правата на лицата со посебни потреби, проблемите со истечените здравствени картички, проблеми во учебниците на албански јазик, информации од МВР и др.), со што се комплетираат 52 минути присутност на субјектот Влада.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт Чаннел | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Собрание на РМ | 00:03:40 | 1,79 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:25 | 0,20 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:16:07 | 7,87 % |
| Влада на РМ | 00:52:00 | 25,39 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:24 | 10,93 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:08 | 1,53 % |
| Други субјекти | 00:23:01 | 11,23 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:58 | 2,42 % |
| СДСМ | 00:02:54 | 1,41 % |
| АРМ | 00:01:05 | 0,53 % |
| Експерти/аналитичари | 00:25:15 | 12,33 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:03 | 1,00 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:22 | 1,64 % |
| Судство | 00:03:02 | 1,48 % |
| Без субјекти | 00:17:18 | 8,44 % |
| Граѓански сектор | 00:08:40 | 4,23 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:08:25 | 4,11 % |
| ДИК и други органи | 00:04:11 | 2,04 % |
| ДПА-ДР | 00:00:21 | 0,17 % |
| Беса | 00:00:21 | 0,17 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:16 | 0,62 % |
| Претседател на РМ | 00:00:57 | 0,46 % |
| | **Вкупно: 03:24:51** | 100 % |

При обработката на дел од прилозите, медиумот значителен дел од времето на вестите одвојува за мислењата на експертите/анлитичарите по прашањата кои се предмет на расправа. Мислењето на експертите, медиумот го пренесе за: именувањето нов Јавен обвинител по смената на Марко Зврлевски, најавите за двосменско работење на некои сектори од јавната администрација, за тоа што би значело расцепкувањето на гласот на гласачите Албанци во општини како што се Струга и Кичево, дипломатските односи меѓу Скопје и Белград, реформите во македонското судство, грешките во некои од учебниците на албански јазик, прашањата поврзани со мигрантите, насилните настани во Собранието од 27 април, причините за иселувањето на младите во странство и др.

Во извештајниот период како „други субјекти" се кодирани: адвокати, спелеолози, странски медиуми, Антикорупциска комисија, универзитетски професори, Стопанска комора и др.

Информациите за средбите на официјалните претставници на Македонија со релевантните чинители од Србија во врска со затегнувањето на односите на релација Скопје-Белград, како и средбата во Драч, на лидерите од Западен Балкан со посредство на ЕУ, чинат категоријата субјекти методолошки кодирана како „ Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари", со време од 22 минути и 24 секунди, да биде четвртозастапена во анализираните прилози од вестите на ТВ Арт Чаннел.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Арт Чаннел | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:24 | 11,75 % |
| Влада на РМ | 00:16:43 | 30,69 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:37 | 4,80 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:13:54 | 25,52 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:45 | 1,38 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:28 | 4,53 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:04:30 | 8,26 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:00 | 1,84 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:17 | 2,36 | % |
| Други субјекти | 00:03:53 | 7,13 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:10 | 0,31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:47 | 1,44 | % |
| | **Вкупно: 00:54:28** | 100 | % |

Одвоеното време за директно обраќање на првозастапените субјекти од првата табела е повеќе од половина од вкупното време за директни обраќања во вестите. За Владата, се одвоени 16 минути и 43 секунди, а за пренесување на ставовите на експертите и аналитичарите -13 минути и 54 секунди.

## ТВ НОВА

### *Дневно информативни емисии*

Во извештајниот период од 17 до 26 август 2017 година, се опфатени десет изданија на Вестите на ТВ Нова во 19 часот, насловени Обсервер и Дневен бриф. Вкупната информативна минутажа од 4 часа 49 минута и 1 секунда, новинарски е главно обработена низ основните жанровски форми на извештаи и вести, коментаторски извештаи и еден новинарски коментар. Во вестите се реализирани и интервјуа со претседателот на ДПСМ Иван Стоилковиќ и со Ристо Никовски, аналитичар и поранешен амбасадор.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:02:21 | 0,81 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:18 | 0,45 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:38 | 0,56 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:01 | 2,43 | % |
| Судство | 00:01:18 | 0,45 | % |
| Влада на РМ | 00:58:18 | 20,17 | % |
| Граѓански сектор | 00:26:32 | 9,18 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:48 | 0,28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:36 | 2,63 | % |
| СДСМ | 00:05:22 | 1,85 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:11:22 | 3,93 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:54:09 | 18,74 | % |
| Други субјекти | 00:20:49 | 7,21 | % |
| АРМ | 00:01:48 | 0,62 | % |
| Претседател на РМ | 00:22:31 | 7,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:13 | 6,99 | % |
| Без субјекти | 00:09:09 | 3,17 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:56 | 0,32 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:53 | 0,65 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:16:32 | 5,72 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:16:32 | 5,72 | % |
| Беса | 00:00:58 | 0,33 | % |
| | **Вкупно: 04:49:01** | **100** | **%** |

Како што покажуваат податоците од Табела 1, најголем простор беше одделен за Владата и за ВМРО ДПМНЕ.

Значаен дел од застапеноста на Владата (58 минути и 18 секунди) произлегува од кризата во дипломатските односи на Република Србија и Република Македонија, иницирани од повлекувањето на персоналот од српската амбасада. Првиот ден (21 август), целото издание на вестите во 19 часот беше посветено на овој настан при што беа пренесени официјалните ставови на српскиот претседател Александар Вучиќ и министерот за надворешни работи Ивица Дачиќ, првичните реакции на Владата на РМ и на претседателот на опозициската ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, а потоа следуваше веќе споменатото 33-минутно интервју со Ристо Никовски и Иван Стоиљковиќ со нивните ставови за причините за ваквата постапка на Србија. Во наредните денови беа пренесени и другите изјави и реакции, како од македонскиот и српскиот политички врв, така и од медиумите – во Србија и во Грција („Катимерини") и ставот на Европската комисија по ова прашање. Не беше известено за критичките ставови за потегот на Србија (на пример српската опозиција). Покрај хронолошкото следење на телефонските разговори и средби во Белград, Ниш, Драч во текот на смирувањето на дипломатската тензија, беа пренесени демантот на Синиша Алексовски, советникот за национална безбедност на претседателот на РМ, и соопштението од Кабинетот на Претседателот на РМ по повод тврдењето на српскиот разузнавач Горан Живаљевиќ дека на 27 април бил во Собранието на РМ со одобрение од Алексовски, иако, за иницијалната изјава на Живаљевиќ не беше информирано.

ТВ Нова, на оваа секвенца од македонско-српските билатерални односи, се осврна и преку еден коментар во вестите (2 ипол минути) во кој актуелните случувања беа разгледувани во контекст на прашањето за името на Македонија, односите меѓу Србија и Грција и најавената посета на македонските министри Димитров и Османи во Берлин. Цитирајќи ја независната агенција Идна за доаѓањето на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас во Скопје, новинарот анализираше што значи оваа посета за Македонија и за спорот за името и какви вести може да очекуваат македонските власти од него.

Останатиот дел од времето во кое како субјект се појавува Владата произлегува од три сегменти во известувањето: - информации за мерките и активностите на домашен план (двосменското работење на градинките, воведувањето евтина тарифа на струјата од октомври, недоволното искористување на средствата од ИПА фондовите, исплатата на субвенциите за земјоделците, поевтинувањето на дел од услугите на Катастарот, новата наплатна станица на автопатот Демир Капија – Смоквица, продолжувањето на роковите за легализација на дивоградби, црната хроника итн.); - за надворешната политика (неформалниот самит на лидерите од земјите на Западниот Балкан во Драч, најавите за посетата на грчкиот министер за надворешни работи Коѕијас) и – за реакциите на критиките и обвинувањата од опозициската партија ВМРО ДПМНЕ.

Последниов сегмент е во корелација со фактот што на второ место по застапеност во прилозите во вестите на ТВ Нова е ВМРО ДПМНЕ (54 минути и 9 секунди). Голем дел од ова време произлегува од креираните псевдонастани кои резултираат со псевдовести, како што е објаснето во клучните наоди од воведниот дел од Извештајов. На некои од тврдењата во псевдонастаните беа спротивставени ставови од Владата или од СДСМ (5 минути и 22 секунди), но сепак, разликата во отстапеното време е толкава што укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта и мислења. Примери за вакви прилози се:

- *ВМРО ДПМНЕ „Ѓорѓиев: Наместо докажан спортист, спортската академија ќе ја води професор по историја",*

- *Изјава на Никола Груевски „Лидерот на ВМРО ДПМНЕ апелира МТСП да не манипулира со пензионерите“,*
- *„Груевски: Новата влада воопшто не е заинтересирана за носење на странски инвестиции“,*
- *„Мицковски: Овој ужас кој сега се случува може да го запрете со пенкало во рака на 15 октомври“,*
- *„СДСМ: Залудни се сите обиди на ВМРО ДПМНЕ да го одбранат деструктивното однесување“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ двосменското работење во градинките е неизводливо“,*
- *„Заев тврди: СДСМ е фаворит на локалните избори“,*
- *„Груевски: Тешко на граѓаните ако СДСМ ја преслика неспособноста“,*
- *„Груевски: Со усогласување пензиите ќе бидат поголеми за само 180 денари“,*
- *„Груевски: Трошоците за живот ќе растат“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ обвинува: Животот кој го ветуваше СДСМ важи само за партиски послушници“,*
- *„Груевски просечната плата во Македонија од еден во друг месец се намалува и тоа е загрижувачки податок“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Сметките за струја нема да се намалат, Заев манипулира“,*
- *„СДСМ: Лажни вести се тврдењата на ВМРО ДПМНЕ дека струјата ќе поскапи“,*
- *„СДСМ: Се намалуваат катастарските трошоци до 50 отсто“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Владата на СДС продолжува да создава хаос низ државата“,*

Освен ова, има и прилози за посетите на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на неколку општини, каде во придружба на градоначалниците вршеше увид во градежни работи или говореше за проекти од програмата на ВМРО ДПМНЕ кои биле реализирани. Притоа, со начинот на известување се замаглува разликата меѓу партијата и градоначалниците кои доаѓаат од нејзините редови, односно се создава слика дека проектите ги прави партијата, а не општината со јавни средства. Станува збор за следниве прилози:

- *„Груевски во посета на мавровско-реканскиот крај и регионот на Центар Жупа“ (прикажан е и градоначалникот на Општината Маврово Ростуше во разговор со Никола Груевски),*
- *„Лидерот на ВМРО ДПМНЕ порачува Владата да не ги прекинува проектите кои се во тек“ (во придружба на поранешниот министер за транспорт и врски Владо Мисајловски и на градоначалникот на Општина Сопиште),*
- *„Груевски во посета на Драчево и Пинтија“, (го придружуваат градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски и градоначалничката на Општина Кисела Вода Билјана Беличанец-Алексиќ),*
- *„Груевски: Со усогласување пензиите ќе бидат поголеми за само 180 денари“, „Груевски во општина Петровец“ (медиумот најавува дека тој извршил увид на проектите кои ги започнала неговата партија).*

Комуникацијата на релација институции – ВМРО ДПМНЕ – СДСМ е карактеристична и за две други теми, кон кои ТВ Нова го насочуваше фокусот на своите гледачи:

Едната се однесува на прашањето за покачување на пензиите кое беше третирано преку повеќе прилози во кои беа спротивставени критиките од ВМРО ДПМНЕ (преку повеќе изјави) и ставот на Министерството за труд и социјална политика (преку изјава на министерската Мила Царовска и преку соопштение). Карактеристично е тоа што во еден од прилозите, во кој имаше и анкета со пензионери (најчесто со негативни ставови) за мерката на МТСП, на крајот ТВ Нова даде графички приказ во кој беа споредени две пресметки: колку ќе се зголемат пензиите во 2018 година со мерката на актуелната Влада и проекција колку би се зголемиле ако би се покачувале за 600 денари месечно над што стои наслов „покачување од Владата на ВМРО ДПМНЕ“. Овој графички приказ беше проследен со коментар: „Во времето на ВМРО ДПМНЕ пензијата се покачувала за 600 денари месечно или вкупно 7200 денари годишно“.

Другата тема, која доби поопсежен третман беа настаните околу смртта на три новороденчиња на Клиниката за Гинекологија во Скопје преку информации за протест на граѓани пред Министерството за здравство кои вината ја гледаат кај директорката на Клиниката Викторија Јовановска, министерот Арбен Таравари и премиерот Зоран Заев, за реакцијата на Клиниката, на членови на семејството, на Министерството, и на ВМРО ДПМНЕ.

Секако, во континуитет беа покривани и новостите поврзани со промената на државниот јавен обвинител – од собраниската седница на која Марко Зврлевски беше разрешен од оваа позиција, преку текот на процедурите за избор на нов обвинител (заклучок на Владата, закажување собраниска расправа), односно за назначување в.д. јавен обвинител (во Советот на јавни обвинители). Беше известувано и за ставовите на поранешниот министер за правда Михајло Маневски, на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски околу (не)легалноста на постапката. Пренесена беше и изјавата на вицепремиерот Бујар Османи оти идниот обвинител треба да биде неутрален експерт, кој може да биде и Албанец.

На трето место по застапеност според издвоеното време во вестите се активностите на граѓанскиот сектор (26 минути и 32 секунди). Речиси целото време произлегува од известувањето за собирањето потписи против доселувањето мигранти во Македонија, организирано од граѓанската иницијатива „Будење“ во Неготино, Прилеп, Битола, Аеродром, Карпош, Гази Баба, Штип, Радовиш, Ѓорче Петров, Кавадарци, паркот Жена борец во Скопје. Ова е продолжение на темата за Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, која на почетокот од вториов извештаен период беше покриена со информации за ставовите на градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ искажани при расправата во собраниската комисија, спротивставените ставови на Фросина Ташевска-Ременски од дебата на ТВ Нова, гласањето по ова прашање во Советот на Општина Прилеп, изјава од министерката за труд и социјална политика Мила Царовска со појаснување на што всушност се однесува Нацрт-стратегијата. Во прилозите редовно имаше изјави од претставници на иницијативата или од граѓани со негативни ставови, а во еден од прилозите за активностите на иницијативата „Будење“, ТВ Нова посочува африкански пример - со бегалците од Јужен Судан во Уганда и правата што тие ги добиваат, како и информација дека Австрија испраќа дополнителни сили за да го спречи преминувањето на бегалците преку границата со Италија.

Освен за оваа иницијатива, дел од времето беше отстапено и за протестите на граѓанската иницијатива „Во одбрана на Дебар Маало“, тетовската „Еко Герила“, протестот пред Министерството за здравство (споменат погоре) и повикот за блокада на Скопје од иницијативата против осиромашување. Во оваа категорија влегуваат и прилозите со реакции на поранешниот претседател на ССМ Живко Митревски и претседателот на СОНК Јаким Неделков.

При известувањето за локалната самоуправа, освен прилози за редовните активности, се појавуваат и отчети за сработеното на градоначалниците на Гази Баба, Кисела Вода, Аеродром, Илинден, Градот Скопје, кои доаѓаат од редовите на ВМРО ДПМНЕ.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ НОВА | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:34 | 0,41 % |
| Собрание на РМ | 00:00:47 | 0,56 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:52 | 1,35 % |
| Граѓански сектор | 00:13:28 | 9,71 % |
| СДСМ | 00:01:26 | 1,03 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:45 | 4,87 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:33:07 | 23,87 % |
| Други субјекти | 00:05:45 | 4,15 % |
| Влада на РМ | 00:17:23 | 12,53 % |
| АРМ | 00:00:38 | 0,46 % |
| Претседател на РМ | 00:18:00 | 12,98 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:05 | 3,66 % |
| ДИК и други органи | 00:01:19 | 0,95 % |

| | | |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:13:26 | 9,68 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:16:26 | 11,85 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:42 | 1,95 % |
| | **Вкупно: 02:18:43** | **100 %** |

Од втората табела, каде што се прикажани директните обраќања на субјектите за овој период, се забележува дека најмногу директни обраќања во вестите во 19 часот добиле претставниците на ВМРО ДПМНЕ - 33 минути, на второ место е претседателот Ѓорге Иванов (18 минути од кои најголем дел отпаѓа на преносот во живо од неговиот говор при одбележувањето 25 години од формирањето на АРМ), а на трето место е Владата на РМ со 17 минути и 23 секунди.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервјуа</u>*

Во овој десетдневен период на ТВ Нова емитувани беа две интервјуа. На 23 и 24 август имаше вкупно три репризи на разговорот во вестите со Иван Стоилјковиќ, претседател на партијата ДПСМ и аналитичарот и поранешен амбасадор Ристо Никовски за повлекувањето на целокупниот персонал од Амбасадата на Србија во Скопје. Веднаш по овие репризи, емитувано е интервјуто со Дејан Андоновиќ новинар и аналитичар, на тема *„Што и се случува на Америка"*, кое премиерно беше прикажано во периодот од 7 до 16 август и е дел од првиот десетдневен извештај.

*<u>Актуелно информативни емисии</u>*

Во овој десетдневен период за мониторинг, емитувани беа седум изданија на актуелно-информативната програма *„Бумбар"*, изведена како контактна емисија со директни телефонски јавувања и комуникација преку социјалната мрежа Фејсбук. Емисијата е така конципирана што гледачите гласаат со бел или црн бумбар за две зададени теми, зависно од тоа дали имаат позитивен или негативен став за нив. Од 17 до 26 август, темите за кои можеа граѓаните да го искажат својот личен став беа:

- *„Зврлевски разрешен и покрај мислењето од Антикорупциска", „Наместо за 5%, пензиите ќе се зголемат за само 1%" (премиера 17 август, репризи на 18 август);*
- *„Во вторник ќе почне процедурата за избор на нов јавен обвинител", „Градоначалниците против стратегијата на мигрантите" (премиера 18 август, репризи на 19 август);*
- *„Персоналот од амбасадата повлечен – разузнавачки дејства против Србија", „Економијата стагнира и нема нови инвестиции " (премиера 21 август, репризи на 22 август);*
- *„Џамбаски: Егејска Македонија е одамна окупирана бугарска територија", „Потписи против мигрантски кампови низ општините" (премиера 22 август, репризи на 23 август);*
- *„Продолжува собирањето потписи против доселување мигранти", „Антикорупциска: Разрешувањето во време на изборен режим не е законски" (премиера 23 август, реприза на 24 август);*
- *„Заев: Политичарите да стојат подалеку од судството", „Од октомври повторно дневна евтина тарифа на струјата" (премиера 24 август, репризи на 25 август);*
- *„ФК Вардар оствари историски пласман во Лига Европа", „Kosијас во Скопје ќе разговара за мерките за градење доверба " (премиера 25 август, репризи на 26 август);*

Премиерното издание на емисијата Бумбар е во 18 часот, секој ден од понеделник до петок, со две редовни репризи околу полноќ и во 8 часот наутро следниот ден.

На 20 август, во 13 часот и 45 минути, ТВ Нова директно се вклучи во прес-конференцијата на ВМРО ДПМНЕ, на која генералниот секретар Христијан Мицкоски зборуваше за работата во општините кои се раководени од кадар од ВМРО ДПМНЕ. По кратка пауза од неговото обраќање, од партиското седиште

изјава даде друга претставничка на ВМРО ДПМНЕ која зборуваше за либерализацијата на пазарот на струја и кои се последици партијата ги очекува од таквиот чекор.

На 25 август, во 19 часот и 50 минути, емитувана беше Репортажа од општина Мариово. Освен разговор со повеќе жители на општина Мариово, изјава даде и градоначалникот на општина Прилеп, Марјан Ристовски.

_Дебати_

Во периодот од 17 до 26 август во редовниот термин во 20 часот и 30 минути емитувани беа и седум дебатни емисии, *„Отворено студио"* и *„Аргументи"*.

- *„Македонско-српски односи"*, гости во емисијата Аргументи беа универзитетските професори Никола Дујоски и Шпетим Љатифи (премиера на 21 август, реприза на 22 август);
- *„Шпионски игри со дипломатска позадина"*, на оваа тема дебатираа Љупчо Ристовски, аналитичар и доц. д-р Самоил Малчевски. Во текот на дебатата беше емитуван и краток исечок од интервју со проф. д-р Тони Десковски (премиера на 22 август, реприза на 24 август).

Во овој десетдневен период беа емитувани и реприза на дебатни емисии кои биле премиерно прикажани во првиот десетдневен период како и изданија на Отворено студио во кои се дебатираше на теми од спортот или културата. Станува збор за емисии на темите: *„Каква стратегија за бегалци ни треба", „Бракот институција или врска", „Диети", „Македонската музика, некогаш и денес", „Развој на скејтбордингот во Македонија", „Вардар преку Фенербахче до историски пласман во групите од УЕФА"* и *„Превод на дела на македонски автори на странски јазици"*.

## ТВ ШЕЊА

### Дневно-информативни емисии

Од вкупно 3 часа 6 минути и 48 секунди, колку што изнесува опфатот на анализираните информации пласирани во централниот Дневник на ТВ Шења од 18 часот и 55 минути, емитуван во периодот од 17 до 26 август 2017 година, повеќе од еден час е отстапен за работата на македонската Влада, и тоа најмногу поради опширните прилози за т.н. „дипломатска криза" настаната помеѓу Република Србија и Република Македонија. Но, политиката на македонската Влада, ТВ Шења ја разгледуваше и преку критички интонирани прилози, во опфатените десет дена на анализата пред сè фокусирани врз проценките за слабата застапеност на Албанците во администрацијата и во стручните служби на извршната власт. Во рамките на споменатото информативно време за овој политички субјект, влегоа и прилозите за идентитетските прашања на државата и нејзините евро-атлантски аспирации, очекувањата за официјалниот владин став во врска со претстојното гласање за прием на Република Косово во УНЕСКО, како и низата прилози за неажурноста на одредени министерства во пристапот кон ИПА и ИПАРД европските развојни фондови.

Втора по важност - колку по актуелност толку и по обем на остапено информативно време во низа изданија од ТВ Дневникот, беше темата за разрешувањето на Зврлевски од позицијата на Јавен обвинител, а потоа и анализите околу постапката за избор на нов кандидат за таа функција. Во прилог на оваа тема, ТВ Шења емитуваше и редакциски коментар насловен – „Кој и каков беше Јавниот обвинител Зврлевски?", осврнувајќи се на неговиот избор во 2013 година, како кандидат од тогашната владејачка коалиција меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ.

Реалните настани и случувања за кои секојдневно известуваше овој национален медиум, најчесто беа поврзани со граѓански теми и проблеми од животот во различни единици на локалната самоуправа, при што, забележително време, преку вести во низа и извештаи, им беше отстапено на протестите против

лошата локална политика кон акутните проблеми со депонијата во Тетово. Во рамките на оваа тема, ТВ Шења направи и коментар, соочувајќи ја градоначалничката Теута Арфи со неколку свои сопствени изјави – дадени во време кога сè уште била опозициски кандидат, сопоставени со нејзините денешни ставови од позиција на прв човек на Општина Тетово. Од другите локални теми, за издвојување се протестите на селаните од Порој, во врска со непреземањето мерки за адаптирање на коритото на локалната река, и неизвесноста дали ќе се реализира инфраструктурниот проект Белановце-Станчиќ. Тема што доби пошироко општествено значење, поставувајќи ја во прв план – дисфункционалноста на државните клинички центри, беше смртта на тројката близнаци што се случи на скопската Клиника за гинекологија и акушерство.

Во однос на темата – „локални избори", ТВ Шења известуваше за тековните организациски работи на Државната изборна комисија, во овој период поврзани со прочистувањето на Избирачкиот список и со составот на локалните изборни комисии. Медиумот ги проследи и внатрешните превирања во Алијансата на Албанците, како и ставовите на партијата БЕСА во врска со одредени, сè уште актуелни судски процеси.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:55 | 0,49 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:55 | 0,49 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:55 | 0,49 | % |
| Беса | 00:04:34 | 2,44 | % |
| Влада на РМ | 01:15:56 | 40,65 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:01 | 0,54 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:30 | 10,97 | % |
| Други субјекти | 00:17:22 | 9,30 | % |
| Без субјекти | 00:13:34 | 7,26 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:38 | 1,95 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:48 | 4,71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:13:29 | 7,22 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:37 | 0,86 | % |
| Судство | 00:00:54 | 0,48 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:06 | 0,59 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:55 | 5,31 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:57 | 2,11 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:56 | 1,57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:49 | 0,43 | % |
| Унитети | 00:03:58 | 2,12 | % |
| | **Вкупно: 03:06:48** | **100** | **%** |

Единствено забележително време за т.н. – „директни обраќања", односно – избор на автентичен аудиовизуелен материјал што отсликува нечиј јавен став по одредена тема или актуелно општествено-политичко прашање, од вкупно емитуваните – 35 минути, доби – Владата на Република Македонија, и тоа безмалку половина – 16 минути и 49 секунди. Времето на ниту еден друг од субјектите застапени во централниот Дневник од 18 часот и 55 минути не надмина повеќе од 5 минути, а во овие рамки се движат изјавите на – политички претставници на ЕУ или на поединечни европски држави, како и ставовите на експертите / аналитичарите, главно по темата – билатерални односи Србија / Македонија, или по темите отворени за функцијата Јавен обвинител.

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:20 | 0,95 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:25 | 1,19 % |
| Собрание на РМ | 00:00:27 | 1,28 % |
| Беса | 00:01:10 | 3,33 % |
| Други субјекти | 00:01:53 | 4,42 % |
| Влада на РМ | 00:16:49 | 48,00 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:29 | 4,23 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:50 | 8,09 % |
| Граѓански сектор | 00:03:58 | 11,32 % |
| ДИК и други органи | 00:01:06 | 3,14 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:13 | 9,18 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:13 | 0,62 % |
| Унитети | 00:01:06 | 3,14 % |
| | **Вкупно: 00:35:02** | **100 %** |

## САТЕЛИТСКИ ТВ

### ТВ 24 ВЕСТИ

***Дневно-информативни емисии***

Средишно место во повеќе изданија на анализираната централна дневно-информативна емисија, која има вкупно времетраење од 5 часа 11 минути и 12 секунди, зазема она што поширoката јавност, во анализираниот десетдневен период од 17 до 26 август, ќе го нарече - „дипломатско-разузнавачки игри" помеѓу Република Србија и Република Македонија. По оваа тема, редакцијата на ТВ 24 вести, преку тематски комплементарни прилози, понуди балканска политичка панорама во која автентично беа презентирани и причините за повлекувањето на целокупниот персонал од Српската амбасада во Скопје (изјави од официјалниот српски политички врв), и експертски согледувања за последиците, констатирани и антиципирани преку навремени, куси но јадровити интервјуа со домашни дипломати, со правници, со разузнавачи и со новинари чие долгогодишно поле на интерес се меѓународните односи (*на пример – од разузнавачки аспект, Александар Диневски и Павле Трајанов; од правен и дипломатски аспект, проф. д-р Тони Десковски; од новинарско-дипломатски аспект, Љупчо Поповски*).

Со кус прилог под наслов - „*Почнаа внатрепартиските комбинаторики за локалните избори*", ТВ 24 потсети на распишаниот изборен процес за народни претставници во локалната самоуправа, а организациските работи поврзани со него ги проследи преку работата на Државната изборна комисија која во овој период го стави на увид Избирачкиот список, но и отвори внатрешна дебата за предлозите на државните административци што би можеле да ги екипираат избирачките одбори. Реалните случувања во локалните самоуправни единици од државава, ТВ 24 вести редовно ги следеше со новинарски извештаи и со репортажи најчесто поврзани со последици од супстандардната локална инфраструктура или од човечка небрежност и негрижа (*на пример: пожарите низ државата; запалените депонии во Тетово и во Струга; санирањето последици од земјотресите во Охрид; сообраќајните несреќи близу Велес и во центарот на Скопје; референдумот против рудник во Валандово*), при што прилозите секогаш содржат став на формално организиран граѓански сектор, но и изјави / сведочења на анонимни граѓани (*бележени во статистичката графа – „без субјекти"*).

Покрај гореспоменатите интервјуа поврзани со т.н. „дипломатски скандал" на релација Србија / Македонија, во рамките на анализираниот ТВ Дневник на 24 вести од 20 часот, емитувани беа и интервјуа што даваат поширок - социолошки, правен, политиколошки и комуникациски - поглед врз актуелни општествено-политички состојби и теми, а категоризирани во статистичката ставка – „други субјекти"[1]. Во тие насоки беа реализирани интервјуата со универзитетските професори Ненад Новковски (на тема – реформи во образовниот систем), и со Татјана Стојановска Иванова (на тема – влијанието на социјалните медиуми како комуникациска алатка), со новинарот Љупчо Зиков, кој ги образложуваше причините да не ја прифати раководната функција во државниот МЕПСО, потоа со д-р Снежана Трпевска од Институтот за комуникациски студии, по повод зачестените физички напади врз новинари, но и со учесници на осмото издание на „Македокс", фестивалот за документарен филм. Интервјуто со Сања Лукаревска, директорката на Управата за јавни приходи, произлезе по вестите во низа дека внатрешната контрола пронашла 37 фирми што затајувале данок, и тоа со знаење и со помош на некои вработени во Управата.

Редакцискиот осврт, емитуван на 17 август под наслов - „*Кој ќе го наследи Зврлевски?*", едновремено - ја заокружи оваа повеќемесечна дилема, но и (преку изјави и интервјуа) посочи релевантни, стручни антиципации за посакуваниот профил на новиот Јавен обвинител. Меѓу другите актуелни внатрешно-политички теми, значајно место најдоа - конфузијата настаната околу ненајавената куса употреба на т.н. - „сини здравствени картони", и 25-годишницата од формирањето на АРМ. Од настаните со пошироко, глобално влијание, ТВ 24 вести го издвои, и преку разговор со очевидец го опиша, терористичкиот напад извршен долж пешачката зона Ла Рамбла во Барселона.

---

[1] *Во оваа ставка, покрај споменатите експертски ставови, најчесто медиумски обликувани и презентирани преку – интервјуа, влегоа и прилозите за судски процеси против политички и бизнис индивидуи, изјавите на нивните адвокати, потоа прилози за добитници на државни признанија и награди, претставници на услужните дејности, организатори на културно-забавни манифестации, и слично;*

Медиумот и во овој период си ја задржа уредувачката специфика – да емитува социјални-репотражи што имаат конструктивна општествена цел, поттикнувајќи самоорганизирана хуманитарна помош, но и поголема агилност на надлежните министерства и на органите на државната управа.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Собрание на РМ | 00:02:20 | 0,75 % |
| Јавно обвинителство | 00:07:09 | 2,30 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:42 | 1,19 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:50 | 0,27 % |
| Други субјекти | 00:57:19 | 18,42 % |
| Судство | 00:05:42 | 1,83 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:21 | 1,08 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:50 | 0,27 % |
| Без субјекти | 00:36:17 | 11,66 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:32:36 | 10,47 % |
| Влада на РМ | 00:52:03 | 16,73 % |
| Граѓански сектор | 00:27:53 | 8,96 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:56 | 1,59 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:30 | 0,16 % |
| Експерти/аналитичари | 00:27:05 | 8,70 % |
| АРМ | 00:00:56 | 0,30 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:45 | 3,13 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:40 | 0,21 % |
| ДИК и други органи | 00:04:31 | 1,45 % |
| СДСМ | 00:02:02 | 0,65 % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:01:19 | 0,42 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:38 | 7,27 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:40 | 0,22 % |
| Беса | 00:00:40 | 0,22 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:44 | 0,23 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:44 | 0,23 % |
| Претседател на РМ | 00:02:20 | 0,75 % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:43 | 0,23 % |
| Локална самоуправа (ДПА-ДР) | 00:00:57 | 0,31 % |
| | **Вкупно: 05:11:12** | **100 %** |

Приближувањето на датумот за почетокот на официјалната кампања за Локалните избори, го истакнува ставот на информативната редакција на ТВ 24 Вести (забележлив пред сè преку споредба со редакциskiот пристап на други национални телевизии) – да држи дистанца од механизмот за креирање – „псевдонастани / псевдовести", што најчесто го отсликува секојдневно изразениот меѓупартиски ривалитет - СДСМ / ВМРО ДПМНЕ. Таквите прилози, информативната редакција на ТВ 24 Вести, во овој период ги сведе на минимална мерка (квантитативно – не траат повеќе од минута), со рационален пристап кон содржината на партиските изјави или соопштенија, но и со прецизна употреба на номенклатурата и на точната адреса по одредена партиска (ре)акција - било кон непосредниот политички опонент, било кон адресата на некое од министерствата или од органите на државната управа, односно кон јавните претпријатија и установи.

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| Аудио визуелен медиумски сервис: ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:00:23 | 0,34 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:05 | 0,96 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:22 | 0,32 | % |
| Судство | 00:00:18 | 0,27 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:04 | 11,56 | % |
| Други субјекти | 00:30:07 | 26,64 | % |
| Влада на РМ | 00:13:26 | 11,88 | % |
| Без субјекти | 00:03:39 | 3,23 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:41 | 20,95 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:30 | 1,33 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:28 | 0,41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:17 | 15,29 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:27 | 0,40 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:42 | 0,62 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:17 | 4,67 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:35 | 0,52 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:23 | 0,34 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:19 | 0,28 | % |
| | **Вкупно: 01:53:03** | **100** | **%** |

Во десетте анализирани изданија на ТВ Дневникот од 20 часот, најзабележително информативно време (половина час) за т.н. „директни обраќања" беше собрано во статистичката категорија – „други субјекти", и во категоријата означена како - „експерти/аналитичари" (околу 25 минути), најчесто застапена преку мислења/ставови по повод дипломатскиот спор меѓу Република Србија и Република Македонија, за кој во ТВ Дневникот, преку прес-конференции и изјави се чу и официјалниот глас на македонската Влада. За прашањата на граѓанскиот активизам, по различни поводи, беа отстапени 13 минути, а за одговорите на надлежните органи на државната управа/јавни претпријатија/установи – 17 минути.

## *Посебни информативни емисии*

### *Актуелно-информативни емисии*

Најчесто реализирана преку интервјуа и дебати (некои од нив повеќепати репризирани), актуелно - информативната емисија „*24 анализа*", во десетдневниот период од 17 до 26 август опфати широк дијапазон општествено-политички теми:

*- Неопходноста за реформи во високото образование, на која говореше д-р Ненад Новковски, универзитетски професор и некогашен министер за образование;*
*- Согледби по 25-годишнината од постоењето на АРМ, преку интервју со д-р Трајан Гоцевски, првиот министер за одбрана на Република Македонија;*
*- Новонастанатата ситуација во ССМ, преку репризирани одделни интервјуа со Живко Митревски, поранешниот претседател на Синдикатот, и со новиот претседател - Дарко Димовски;*
*- Работата на центрите за социјални работи – тема презентирана преку интервју со Васка Бајрамовска Мустафа, заменичката на Народниот правобранител;*
*- Причините за стопирање изградба на депонија во Дебарца – дебата помеѓу д-р Јадранка Бибан и со д-р Бошко Ставревски;*
*- Усложнување на односите помеѓу Република Србија и Република Македонија – интервју со Павле Трајанов, како активен политичар, но и како поранешен разузнавач и поранешен министер за внатрешни работи;*

*- Политиката на САД кон Балканот – интервју со универзитетскиот професор д-р Перо Димшовски;*

*- Реформите во ВМРО ДПМНЕ – интервју со Христијан Мицковски, генералниот секретар на Партијата;*

*- Ребаланс на државниот буџет – интервју со Драган Тевдовски, министерот за финансии;*

*- Влијанието на српските разузнавачки служби врз внатрешната и врз надворешната политика на македонската Влада – интервју со универзитетскиот професор д-р Тони Десковски;*

*- Промени во правосудниот систем на Република Македонија – дебата со учество на Лазар Нанев, судија и универзитетски професор; Валентин Зафиров, адвокат и поранешен судија, и Александар Наков, адвокат и поранешен обвинител.*

Гостувањето на Мила Царовска, министерката за труд и социјална политика, во емисијата „Неделно интервју", го презентираше официјалниот став по актуелното прашање за државната политика кон глобалниот проблем со бегалците од Блискиот Исток.

Во изданијата на получасовното „отворено студио" насловено „Очи в очи", емитувано во периодот од 17 до 26 август, гледачите искажуваа мислења за следниве актуелни општествено-политички теми:

*- Разрешувањето на Зврлевски и реакциите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ;*

*- Поради обид за поткуп на гласачи, два месеца затвор за Александар Панов, градоначалникот на Кавадарци;*

*- Дипломатскиот спор помеѓу Република Србија и Република Македонија;*

*- Официјална изјава на Димитров, министерот за надворешни работи, дека - Владата на Република Македонија никогаш не дала наредба за разузнавање против соседна држава;*

*- Безбедноста на патниците со македонските превозници;*

*- Споредба на македонската отвореност/затвореност и глобалниот пристап кон прифаќањето мигранти од Блискиот Исток;*

*- Најактуелните неделни случувања: бегалската криза, локалните избори, криминалот во општините, односите помеѓу Македонија и Србија.*

*Други информативни програми*

Во анализираниот десетдневен период беше емитувано и издание (еднаш репризирано) на редовната, тематски специјализирана емисија „Фактор здравје", во која д-р Арбен Таравари, актуелниот министер за здравство, како специјалист невролог зборуваше за Паркинсоновата болест.

## ТВ СОНЦЕ

### *Дневно-информативни емисии*

2 часа 9 минути и 6 секунди е вкупното времетраење на анализираните прилози во вестите на ТВ Сонце. Анализата се однесува на вестите емитувани во 18 часот во периодот од 17 до 26 август 2017 година. Опфатени се прилозите во вестите коишто се однесуваат на внатрешните општествено-политички случувања, обработени преку најчестите информативни жанрови, вест, вест во низа, извештај.

Информациите за редовните активности на Владата и нејзините министерства, со акцент на домашните случувања, пред се во сферата на економијата, социјалните прашања, случувањата во здравството, беа во фокусот на интерес на медиумот. Телевизијата извести за активностите на Министерството за земјоделие во врска со откупот на грозјето, распределбата на земјишните парцели, исплатата на субвенции, авионското снимање на земјишните површини, усогласувањето на висината на пензиите согласно растот на трошоците за живот, двосменското работење на градинките, одложувањето на почетокот на учебната година, искористувањето на средствата од ИПА фондовите, прашањата поврзани со бегалците и мигрантите, воведување евтина тарифа на струјата, остварувањето на правото на здравствена заштита по истекот на здравствените картици, воведувањето трета смена во детската болница „Козле“ и др. За темите што главно доминираа во медиумите во вториот десетдневен период, затегнатите односи на релација Скопје-Белград поради повлекувањето на српските дипломати од Македонија, како и за средбата на лидерите од Западен Балкан во Драч, телевизијата одвои централно место во вестите, со мал обем информации. Севкупно за активностите на Владата беа издвоени 50 минути и 19 секунди од вкупното време на анализираните прилози (2 часа 9 минути и 36 секунди).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Македонска алијанса | 00:12:26 | 9,59 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:12 | 0,93 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:12 | 0,93 | % |
| Судство | 00:01:26 | 1,11 | % |
| Влада на РМ | 00:50:19 | 38,83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:28 | 8,08 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:49 | 1,40 | % |
| СДСМ | 00:02:30 | 1,93 | % |
| Други субјекти | 00:09:59 | 7,70 | % |
| АРМ | 00:01:44 | 1,34 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:56 | 8,43 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:09 | 1,66 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:21 | 1,04 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:46 | 0,59 | % |
| Без субјекти | 00:02:56 | 2,26 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:48 | 6,80 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:24 | 4,17 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:41 | 2,07 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:27 | 1,12 | % |
| | **Вкупно: 02:09:36** | 100 | % |

И во овој извештаен период, телевизијата одвои значителен обем за пренесување на политичките гледишта по одредени прашања (ставовите на македонското Министерство за надворешни работи во врска со острата реакција од страна на грчкото МНР по повод настапот на македонскиот конзул во Торонто, случувањата на релација Скопје-Белград, однесувањето на грчкиот претседател по повлекувањето на

грчките спортистки од турнир во Македонија поради политички причини) на претседателот на партијата Македонска алијанса, Ѓорѓија Џорџ Атанасоски, којшто е и сопственик на телевизијата, пренесени како негова писмена реакција.

Со речиси идентични времиња (по повеќе од 10 минути) беа застапени претставниците на граѓанскиот сектор (прес на „МОСТ“, информации за активностите на граѓанските здруженија поврзани со референдумот во Валандово против отворањето рудници во овој крај, прес на СОНК против двосменското работење во градинките, прес на ЗНМ за укинувањето на владините реклами на телевизиите, прес на Хелсиншки комитет за најчестите основи на дискриминација и др.) и претставниците на органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:21 | 1,65 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:46 | 3,61 | % |
| Влада на РМ | 00:14:58 | 70,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:55 | 9,03 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:23 | 1,81 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:18 | 6,13 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:23 | 1,81 | % |
| Други субјекти | 00:01:09 | 5,42 | % |
| | **Вкупно: 00:21:13** | 100 | % |

Првозастапен субјект и кај директните обраќања е Владата. Одвоениот простор за директните обраќања на владините претставници е повеќе од две третини (речиси 15 минути) од вкупното време наменето за директни обраќања на телевизијата, во овој втор десетдневен извештаен период (21 минута и 13 секунди).

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервјуа*

Во извештајниот десет дневен период, во рамки на емисијата „Дијалози за Македонија“ којашто датира од месец август, три пати е репризирано интервју реализирано во месец март 2016 година, со новинарот Томислав Кежаровски, за неговата голгота помината низ македонските затвори. Повод за реактуелизирање на интервјуто е заминувањето на Кежаровски во Германија.

Во рамки на емисијата „Арена“ којашто е од областа на спортот, е емитувано интервју со директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски за планираните активности на Агенцијата по извршената смена на раководството. Интервјуто е репризирано уште два пати.

### *Дебати*

Во овој извештаен период, уште еднаш беше репризирано и изданието на емисијата „Дијалози за Македонија“ посветена на местото и улогата на македонскиот јазик, премиерно емитувана во месец јули 2017 година, со професорките Вера Стојчевска Антиќ и Веселинка Лабровска.

## ТВ КАНАЛ 5 ПЛУС

### *Дневно-информативни емисии*

Од 17 до 26 август, во програмата на ТВ Канал 5 Плус не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со критериумите од Методологијата.

### *Други програми*

Во споменатиот календарски период земен за предмет на анализа, евидентирани беа само репризи на утринската програма „Здраво Македонијо", од која методолошки се издвоени само сегментите оформени како актуелно-информативна, контактна програма.

Темите на тие сегменти се наведени во извештајот за програмата на ТВ Канал 5.

## ТВ СИТЕЛ 3

### *Дневно-информативни емисии*

На ТВ Сител 3 во десетдневниот период од 17 до 26 август 2017 година не се емитуваа вести како посебна информативна целина.

### *Други програми*

Во десетдневниот период на анализата, медиумот секојдневно (два пати на ден) ја репризираше утринската контактна програма „Ја сакам Македонија" премиерно емитувана на ТВ Сител (од претходниот и/или од истиот ден), каде покрај сервисните информации и општите теми пласирани во првиот дел од емисијата, вклопен е и дел именуван - „На дневен ред", организиран како „отворено студио" со директно вклучување на гледачи што се произнесуваат за тековни општествено-политички теми. За анализираниот примерок од овој календарски период, важат констатациите дадени за информативните емисии на ТВ Сител.

## НАША ТВ

### *Дневно-информативни емисии*

Наша ТВ не емитува сопствени дневно-информативни емисии.

### *Посебни информативни емисии*

Не се емитувани во извештајниот период.

## РАДИО

### КАНАЛ 77

#### *Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период од 17 до 26 август, мониторингот на изборното медиумско претставување не регистрираше централно издание на дневно-информативна емисија во програмата на Радио Канал 77 – емитувани се флеш-вести за актуелните случувања во државата.

#### *Посебни информативни емисии*

На 19 август 2017 година, во двочасовното издание на емисијата „Стадион" се јавуваат слушатели и коментираат на повеќе теми, се прави ретроспектива на актуелни политички настани за минатата недела, а главните теми се: *Што по разрешувањето на Зврлевски – тема поставена преку официјалниот став на Владата и преку разговор со Александар Наков, поранешен Јавен обвинител; Смената на претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија; Трошоците на државна сметка направени од поранешни министри – поставена преку официјална изјава на Алаѓозовски, актуелниот министер за култура; Македонскиот субстандарден живот спореден со некои држави од Африка.* Меѓу овие теми, место најде и постапката на СЈО против Љупчо Палевски, член на СДСМ, што противзаконски објавувал делови од т.н. „прислушкувани разговори".

Изданието на истата емисија од 26 август 2017 година, за тема ја има – македонската дипломатија, за која, покрај слушателите, зборуваат и поранешните амбасадори - Огнен Малевски и Сашо Тодоровски. Опфатени се повеќе аспекти – од постапката за стекнување официјален дипломатски статус, преку законските измени што ја засегаат оваа политичка област, до актуелниот дипломатски спор помеѓу Република Србија и Република Македонија.

### РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

#### *Дневно-информативни емисии*

И во вториот извештаен период, од 17 до 26 август 2017 година, примерокот на анализираните прилози во централниот „Дневник" на Радио Слободна Македонија не го достигнува методолошкиот минимум, односно изнесува 1 час 16 минути и 52 секунди. Мониторингот опфати седум изданија на оваа дневно-информативна емисија која се емитува секој работен ден од 16 часот и 30 минути.